СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Четириесет и втората седница на Собранието на
Република Македонија , одржана на 5 ноември 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници ја отворам Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Есад Рахиќ, Зоран крстевски, Фазли Велиу, Марјан Ѓорчев, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски и Андерј Жерновски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат мнозинство пратеници и Собранието може полноправно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија , претседателот и членовите на Владата на Република Македонија .

Почитувани пратеници оваа седница ја свикав по барање на Претседателот на Владата на Република Македонија на која Собранието ќе ги разгледа предлозите за разрешување и за избор на членови на Владата на Република Македонија .

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за разрешување на членови на Владата на Република Македонија
2. Предлог за избор на членови на Владата на Република Македонија .

Предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Господинот Коце Трајановски бара збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ние како опозиција ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија нема да ја прифатиме Вашата сугестија да не бараме точка на дневен ред. Имено, напротив, бараме точка на дневен ред и тоа точката да гласи: разгледување на Годишниот

извештај за работењето на Владата на Република Македонија од ноември 2002 година до ноември 2003 година.

Бидејки помина една година од работењето на оваа Влада и сосема е нормално народот и јавноста во Република Македонија да добие отчет за работењето на оваа Влада што има сработено во изминатава една година. Инаку, состојбата и резултатите не се розови, иако се обидува да се покаже дека се розови, меѓутоа тие се катастрофални. Извештајот го добивме и во извештајот пишува: Ви се дава на запознавање. Јас незнам како можеше со такво писмо да ни се достави Извештај кој што ние сите очекувавме дека по тој Извештај ќе имаме посебна точка на дневен ред. Не можеме да дискутираме за реконстукција на Влада, разрешување, а потоа именување без да дискутираме за едногодишното работење на оваа Влада. Сметам дека се прави обид да се изманипулира јавноста и реконструкцијата на Владата се потенцира и се темпира да биде точно на годишнината од владеењето на Владата на Република Македонија . Бидејки Извештајот содржи 200 страни од кои што од голем дел се слики, дури за потсмев некои кажуваа дека ова личи на сликовница која што ни е дадена од кои што повеќе од 50% се што наследила од претходната Влада. Таа можела да оди и понатаму до 1903, па можела да направи можеби и илјада страни. Но, важно е за народот што е сработено во претходната година и што се планира во наредната година. Имено , поради тоа бараме да има прва точка на дневен ред: разгледување на Извештајот за работењето на Владата на Република Македонија за изминатата една година и притоа да ни се даде десет дена за да можеме тој Извештај да го разгледаме и да се подготвиме за една нормална седница. Вака, барањето на Владата е дојдено во Парламентот во недела во 10,00 часот во архивата на Собранието барањето за оваа седница за овие две точки за разрешување и за именување, барањето е дадено во 10,00 часот во недела. Јас незнам која е итноста за во рок од три дена да се свика седница за реконструкција на Влада. Дали оваа Влада е во паника, дали оваа Влада незнае што да прави, па затоа овие три дена морало под итно да се направи таа реконструкција. Затоа согласно на член 66 барам да се стави нова точка на дневен ред и притоа да се одложи седницата, да се расправа за 10 дена. Доколку не се прифати нашата сугестија, во тој случај ние ќе постапиме поинаку.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на господинот Коце Трајановски за дополнување на точката на дневен ред, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 100 пратеници, за гласале 31.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господинот Замир Дика,  процедурално.

Три минути имате.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседател, почитувани колеги, почитувани министри, една минута ако ни дадете, нема што да направиме, тоа е тоа. Значи, јас би апелирал до претседателто на Парламентот бидејки денеска имаме на дневен ред една многу значајна работа, ние како парламентарна група сакам да го подржам предлогот на дел од опозицијата на дневен ред да се вклучи дискусија за извештајот за едногодишната работа на Владата. Јас во овој случај сакам со овој предлог сакаме да го подржиме премиерот во неговите изјави дека оваа Влада е подготвена да даде Извештај, или отчет пред оние што ги избрале, пред Парламентот, но и пред граѓаните. И мислам дека е за добро на сите во овој процес да се отвори една транспарентна дискусија за достигањата што ги постигнала Владата. Во тоа име господине претседателе Ве молиме да не не прекинувате со една, две, или три минути и со обидите да отвориме една дебата во врска со Извештајот што го добивме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Коце Трајановски бара процедурално.

КИЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што не се прифати нашиот предлог за ставање на посебна точка на дневен ред: разгледување на Извештајот за едногодишната работа на Владата на  Република Македонија  и со оглед на тоа што во следните две точки, значи, бидејки не се усвои оваа точка на дневен ред, немаме можност ние како опозиција да кажеме нешто за работењето на оваа Влада за нејзиното едногодишно работење, бидејки согласно на член 225 ние пак можеме да бидеме ограничени да немаме дискусија по основ на разрешувањето со гласање. Исто така, во следната точка , втората , кога е за именувањето на членовите на Владата, бидејки Деловнички и Уставно никаде таа точка не е покриена. Дали е превид во Деловникот, незнам, меѓутоа и тука постои можност опозицијата воопшто да не може да каже ништо за работењето на Владата да земе збор. Заради тоа ние како

пратеничка група ВМРО-ДПМНЕ, Либерална партија, се надевам и ДПА бараме пауза од половина час за консултација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да објавам пауза од половина час, само да укажам дека точките се согласно Уставот и Деловникот ставени на дневен ред и нема никаква забуна.

Објавувам пауза до 10,50 часот.

(По паузата седницата продолжи во 11,00 часот.)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Можеме да одиме на дневниот ред?

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 91 пратеник, за 66, против 25, никој не се воздржал од гласањето.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Господинот Жарко Караџоски има деловничка интервенција.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе го користам ова право пред да отворите претрес по првата точка. Согласно член 225 став 3 од Деловникот каде што се вели дека по предлогот за разрешување Собранието може да одлучи и да отвори претрес. Предлогот да се отвори претрес може да поднесе пратеничка група, или најмалку 5 пратеници, зборувам за разрешување на членови на Влада.

Јас во името на пратеничката група предлагам согласно овој член Собранието да одлучи да се отвори претрес по првата точка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе го ставам на гласање кога ќе дојде соодветно на процедурата.

Минуваме на точката 1 - Предлог за разрешување на членови на Владата на Република Македонија .

Предлогот на претседателот на Владата за разрешување на членови на Владата на  Република Македонија  Ви е доставен.

Согласно член 225 став 4 од Деловникот членот на Влада за кого е поднесен предлог за разрешување може да се изјасни по предлогот во траење од 15 минути. Од сите членови на Владата за кои е поднесен предлог за нивно разрешување побарав да ме известат дали имаат намера да го искористат правото да се изјаснат по повод предлогот.

Господинот Милаим Ајдини, министер за транспорт и врски ме извести дека сака да го искористи правото да се изјасни пред Парламентот за предлогот на претседателот на Владата.

Има збор господинот Милаим Ајдини.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници (зборува на албански јазик).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Ајдини Вие сте министер на Владата на Република Македонија и по Деловникот треба да зборувате на македонски јазик.

(Господинот Милаим Ајдини продолжи да зборува на албански јазик).

Господине Ајдини, Ви го одземам зборот.

Дали ќе го искористите по Деловникот своето право со обраќање на макеоднски јазик?

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Не.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Друг министер кој е предложен за разрешување не се најави дека сака да го искористи правото на обраќање.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ согласно член 225 став 3 предлага Собранието да се изјасни за претрес по Предлогот за разрешување.

Согласно Деловникот тој предлог се става на гласање.

Ве молам да се изјасниме со гласање за предлогот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Гласале 97 пратеници, за гласале 32.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пред да преминеме на гласање, Ве известувам дека разрешување на член на Владата се врши со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Преминуваме на гласање.

Господинот Караџовски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Го користам правото Деловнички да се изјасниме како пратеничка група како ќе гласаме по оваа точка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа Деловничко право не е утврдено.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Како не е утврдено? Добро, нека биде процедурално.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само Ве молам ако е процедурално да биде процедурално. Тоа е во врска со водењето на седницата и процедурата на работа на Парламентот, а не расправа за што веќе Парламентот за жал се изјасни дека нема да има расправа и тоа е согласно Деловникот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ

Ние сакаме да Ве известиме и Вас и сите пратеници дека по гласањето на оваа точка нема да учествуваме, поточно ќе седиме во салата, ќе ги извадиме картичките, значи нема да гласаме ни за, ни против, затоа што сметаме дека нема потреба од разрешување на членови , министри во Владата, туку има потреба од разрешување на премиерот, поточно , од оставка на премиерот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ваше право е, ако сакате да правите така.

Да Ве известам дека Парламентот одлучи да не се води расправа согласно Деловникот за предлогот.

Ви давам збор, процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседателе, јас уште еднаш во име на парламентарната група имам право во најмала рака да го искажам моето мислење во однос на тоа што се случува. Ние мислевме дека навистина на транспарентен начин ќе се почитува политичката констелација на  Република Македонија  и Уставот како парламентарна демократија за прашања кои се поврзани со судбината и иднината на државата. Денес 4 министри ќе бидат разрешени. Од нас барате да се изјасниме како ќе гласаме, а не слушнавме ниту еден аргумент што не  направиле овие министри и зошто се тие неуспешни. Мислам дека овој начин на спроведување на Деловникот од Ваша страна, но и од страна на премиерот е сосема во спротивност со парламентарната демократија и е во согласност со системот на едноумието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја отфрлам вашата процедурална забелешка. Упатувам на фактот дека Собранието се изјасни со гласање согласно Деловникот да не води расправа. Право на мандаторот на Владата, односно на премиерот согласно Уставот е да предложи

разрешување на министри, тоа е негово Уставно право и така е уредено со Деловникот. Парламентот можеше да реши и едно и друго. Се изјасни да нема расправа и тоа мораме да го почитуваме.

Продолжуваме со работа.

Предлогот Исмаил Дарлишта да биде разрешен од функцијата министер кој раководи со Министерството за правда, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека Исмаил Дарлишта е разрешен од функцијата министер кој раководи со Министерството за правда.

Во име на Собранието и во мое име му благодарам на господинот Дарлишта за досегашната соработка со оваа институција.

Предлогот магистер Петар Гошев да биде разрешен од функцијата министер кој раководи со Министерството за финансии, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 69 за, 1 воздржан.

Констатирам дека магистер Петар Гошев, е разрешен од функцијата министер кој раководи со Министерството за финансии.

На господинот Гошев му благодарам за досегашната работа и соработка со нашата институција.

Предлогот Илија Филиповски да биде разрешен од функцијата министер кој раководи со Министерството за економија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник. Сите гласале за.

Констатирам дека Илија Филиповски е разрешен од функцијата министер кој раководи со Министерството за економија.

На господинот Филиповски исто така му благодарам во мое и во ваше име за соработката со оваа институција во изминатиот период.

Предлогот Милаим Ајдини да биде разрешен од функцијата министер кој раководи со Министерството за транспорт и врски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник. Сите гласале за.

Констатирам дека господинот Милаим Ајдини е разрешен од функцијата министер кој раководи со Министерството за транспорт и врски.

На господинот Ајдини му благодарам за досегашната работа и соработка со нашата институција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Минуваме на Втората точка од дневниот ред - ***Предлог за избор на членови на Владата на Република Македонија.***

Предлогот за избор на членови на Владата на Република Македонија ви е доставен.

Ве известувам дека изборот на членови на Владата на Република Македонија се врши со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Пред да преминеме на работа, би ве замолил расправата да ја водиме општа за сите, а изјаснувањето да биде поединечно за избор на секој министер.

Дали се согласуваме со овој предлог? (Се согласуваме)

Дали има некој забелешки? (Нема)

Пред да отворам претрес го молам претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Бранко Црвенковски по повод изборот, да се обрати на Собранието.

Повелете господине Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван претседателе на Републиката, почитувани пратеници,

Повод за денешнава седница на Собранието на Република Македонија е мојот предлог за реконструкција на Владата на Република Македонија. Но, истовремено пред вас се наоѓа и отчетот за учиникот на извршната власт во првата година од нашиот мандат. Со тоа, ја реализираме јавно преземаната обврска од наша страна и воспоставуваме една нова пракса во политичкиот живот во Република Македонија.

Извештајноста и транспарентноста можат да бидат само позитивен придонес кон јакнењето на демократските начела во нашето општество.

Мене ми е јасно дека најголем дел од јавноста и од граѓаните, својата оценка за функционирање на Владата ја имаат изградено и донесено и без овој извештај. Исто така сум свесен дека дијапазонот на тие оценки е многу широк. Главната дилема е дали едногодишниот учинок на оваа Влада ќе го оценуваме врз основа на споредбата на нашата денешна реалност во однос на една замислена,

посакувана, проектирана Македонија, или врз основа на споредбата, каде бевме пред една година, а каде сме сега.

Ако го избереме првиот пристап, веднаш без било каква дилема, сакам и самиот да потврдам дека денешна Македонија е многу, многу далеку од онаа што ја посакуваме, во која би сакале да живееме сите ние заедно со нашите семејства. Но, дали сме реални и правични, не кон власта, туку кон самите себе, кога така лесно ставаме знак на еднаквост помеѓу желбите и можностите и дали, можеби, на тој начин самите не го трасираме патот кон колективна депресија, апатија, разочараност, самопотценување и самопонижување и дали навистина веруваме дека други народи и држави од регионот на кој припаѓаме, со многу подолга државотворна традиција од нашата, после се што им се случуваше и им се случува, имаат право на поголема борба и самодоверба.

Ако пак го избереме вториот пристап, тогаш, исто така, без било какво двоумење можам да кажам. Денес Македонија, во споредба со Македонија од пред една година е постабилна, посигурна, поперспективна, попросперитетна држава и тоа на сите полиња, на меѓуетнички, на безбедносен, на политички, на надворешно политички, на економски план.

Денес, за разлика од пред една година, Република Македонија е држава на која никој сериозен, никој релевантен фактор не и предвидува нов конфликт, ниту пак го доведува под прашање нејзиниот територијален интегритет или унитарен карактер.

Пред година и пол, според анкетите на меѓународните институции, 74% од граѓаните на нашата земја биле загрижени за опстанокот на државата. Според последните анкети, денес, 80% од нашите граѓани се преокупирани, пред се со економските и социјалните проблеми. Некои политички аналитичари би рекле, тоа е лош знак за Владата. Можеби е лош за Владата, меѓутоа е добар знак за државата. Тоа е доказ дека Република Македонија повторно е нормална држава.

Денес во Република Македонија се води легитимна јавна дебата околу тоа дали е дојден или не моментот за поднесување на наша апликација за членство во Европската унија.

Пред една година покренувањето на таквото прашање претставуваше научна фантастика, беше апсолутно безпредметно и нелогично.

Денес, за разлика од пред една година, институциите на државата се присутни на целата територија на земјата. Се разбира никој од нас не е задоволен целосно со нивото и капацитетот на нивната ефикасност. Понекогаш тоа присуство е

и само симболично и тоа е проблем што треба да се надминува во наредниот период. Но, факт е дека денес полициските патроли и единици можат да влезат во секое населено место и при тоа од локалното население да бидат третирани како своја, а не туѓа непријателска полиција.

Последната исклучително важна државна операција, спроведувањето на Законот за собирање на нелегалното оружје, тоа уште еднаш го потврди. И покрај почетните поединечни опструкции, собирните пунктови се отворија во сите 123 општини, односно на целата територија на Република Македонија. Тоа пред една година не можеше ниту да се замисли.

Факт е дека и денес во Република Македонија постојат вооружени групи и поединци. Но, исто така, факт е дека граѓаните, локалното население, со нив ниту се солидаризираат, ниту им ја дава својата поддршка.

При изборот на оваа Влада пред една година реков дека е многу полесно да се предизвика отколку да се угаси пожар. Многу полесно е да се отпочне војна, отколку да се воспотави мир. Битката против рецидиите од конфликтот ќе биде долга и тешка.

За да бидеме успешни во борбата против криминалните и екстремистички структури, прв и неопходен предуслов беше да ги придобиеме граѓаните, да го придобиеме народот на своја страна, да се возобнови довербата и лојалноста кон сопствената држава и нејзините институции. На овој план направивме многу и убеден сум дека доколку доследно ја спроведуваме политиката што ја зацртавме, ќе направиме уште повеќе.

На 15 декември завршува Мисисија на евро силите во Република Македонија. По овој ден, прв пат по повеќе години на територијата на Република Македонија ќе нема присуство на странски воени сили.

Оценка не само на Владата на Република Македонија, туку на Европската унија и НАТО е дека Република Македонија во постконфликтната стабилизација достигна ново квалитетно ниво каде македонските институции, без странска воена помош можат суверено да ја владеат својата територија. Ова е успех на оваа политика. Несмееме да дозволиме ситуација во која светот повеќе верува во нас, отколку ние во самите себе.

Почитувани пратеници,

И во оваа прилика сакам уште еднаш да повторам. Меѓуетничките односи се клучот, основната база и темелот за стабилноста, иднината и напредокот

на нашата земја. Нема мир, нема безбедност, нема економски развој и европска иднина за Република Македонија, ако немаме меѓусебна доверба и соработка.

Во изминатиот период вложивме огромна енергија и напор токму на овој план. Често пати бевме критикувани затоа што не посветуваме исто толкаво внимание и на другите проблеми. Но и во политиката како и во математиката, постои логичен редослед на потези. Куќата почнува да се гради од темели, а не од покривот.

Пред една година презедовме обврска дека еден од највисоките приоритети на оваа Влада, ќе биде целосното и доследно имплементирање на Рамковниот договор и уставните промени.

Во извештајниот документ што го имате пред себе, таксативно се наброени сите работи што се направени на овој план. Во оваа прилика ќе резимирам сосема на кусо:

Сите закони што произлегуваат од Рамковниот договор а кои не се поврзани со процесот на децентрализација се веќе донесени. Согласно акциониот план на Владата законите од сферата на децентрализацијата треба да се донесат до крајот на годината. Значи, до овој момент, барем до овој момент нема доцнење или пролонгирање на имплементацијата на Рамковнот договор.

Првата задача на Владата, веднаш по оваа реконструкција ќе биде утврдување на предлог-законите за територијалната поделба, за Градот Скопје, и за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Во изминатава година, во исклучително рестриктивни, простор невозможни буџетски услови се направи огромен исчекор на планот на правичната застапеност и тоа пред се во најчувствителните сектори, како што се Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Подобрувањето на застапеноста на етничките заедници во државната и јавна администрација ќе продолжи и наредната година.

Со еден збор, работата што ја започнавме, ќе ја завршиме. Рамковнот договор ќе бидре целосно и навремено спроведен. Но, она за што треба да бидеме наполно свесни е дека нашите погледи напред не треба да бидат временски лимитирани со целосното реализирање на овој концепт. Македонија, како држава на склободни, рамноправни, одговорни и лојални граѓани треба да претставува почеток а не крај на нашата визија, за иднината на нашата земјс. Уште сега треба да ме преокупира идентификувањето и дефинирањето на нови интегративни фактори и проекти кои ќе отворат долгорочни заеднички перспективи кои ќе не сплотат и мотивираат кон

остварувањето на заеднички цели. Верувам дека Европскиот проект интегрирањето на Македонија во ЕУ ја има таа сила и моќ да стане точка на потполн не декларативен, туку суштински општ консензус и обединување.

Нема подобро решение за националните прашања, нема подобар лек за етничките фрустрации од тоа да се стане дел на заедничкото европско семејство. Рамковниот договор е наша сегашност. Европа е нашата иднина.

Почитувани пратеници,

При изборот на оваа Влада борбата против организираниот криминал и корупцијата беше посочена како еден од највисоките приоритети. Во изминатава година на ова поле генерално земено делувавме на две нивоа: системско и оперативно. Ја донесовме стратегијата за борба против корупцијата и извршивме измени во голем број закони со цел за укинување на дискреционите права на администрацијата. Тој процес е сеуште во тек и не е целосно завршен.

Заедничка задача и на оваа Влада и на овој Парламент е идентификување и елиминирање на сите законски решенија што креираат простор за коруптивно или криминогено однесување. Ако бидеме успешни на тој план ќе го завршиме потешкиот дел на работата.

Во делот на оперативното делување сакам уште еднаш да потенцирам: борбата против криминалот ја водиме принципиелно, ниту политички мотивирано, ниту политички селективно. Нема криминализирани партии. Нема ниту партии имуни на криминал. Има само поединци кои го прекршиле законот и чија вина и одговорност може да се потврди само низ легитимна судска процедура. Никакви притисоци или политички аргументации нема да не запрат или одвратат од овој пристап.

Она што го бараме од судството, без навлегување во неговата независност и без прејудицирање какви ќе бидат крајните одлуки е поголема ажурност и ефикасност. Стапките на криминал во Македонија се вонредно високи и борбата против ова зло бара вонреден ангажман од сите субјекти на системот.

Почитувани пратеници,

Пред една години Република Македонија беше меѓународно изолирана држава. Ова не е никаква претерана оценка и може да се поткрепи со многу факти и аргументи, почнувајќи од оценките што за нашата земја пристигнаат од повеше нмеѓународни центри, институици и организации, па се до она и суштинско и манифестно ниво на отсуство на високо владино ниво на елементарни средби, посети на Скопје или наши посети на други држави.

Комуникацијата со меѓународната заедница беше целосно прекината, а оценките за наШата земја катастрофални. Една од основните задачи во овој едногодишерн период беше да се поврати угледот и авторитетот на РМ, на меѓународен план. Тоа, во најголема мера требаше да се направи со менување на состојбите дома. Меѓународната позиција на една земја е најдиректен одраз на нејзините внатрешни состојби. Но, исто така, тоа е одраз и на генералната надворешно-политичка ориентација на стратешките определби и способност за нивно остварување за секоја земја поодделно.

За регионот на кој припаѓаме после сите збиднувања, конфликтни судири во последната декада, воведен е уштен еден меѓународен критериум на вреднување, тоа е волјата и капацитетот за јакнење на меѓусебната кооперативност и стабилност. На тој план, РМ, во изминатата година се покажа и доказа како вистински промотор на добрата и целисходна регионална соработка. Тоа не е само наша субјективна оценка. Тоа е и меѓународно верифициран факт.

Факт е дека односите на нашата држава со нејзините соседи се подобри и поизбаланси отколку било кога досега. Факт е дека оваа година се потпиша цела серија на спогодби за соработка со сите земји во регионот, во сите области, па дури и во оние најчувствителните како што се одбраната, безбедноста и разузнувачките служби. Македонија беше не само учесник туку и двигател на повеќередионални иницијативи и не е случајно што токму тука кај нас се одржа Регионалната конференција за граничен менаџмент и управување, Дијалогот на цивилицациите, Конференцијата за имплементација на Јадранската Повелба и други.

Денес, по заклучоците на Самиотот на ЕУ во Солун по потпишувањето на Јадранската повелба помеѓу Вашингтон, Скопје, Тирана и Загреб, РМ е држава со јасна Европска и Евроатланска перспектива. Патот до остварувањето на овие цели ќе биде тежок. Но, тој е трасиран и ние сме повторно на него, на вистинскиот колосек. Денес повторно имаме шанса, таа шанса не ни е подарена, туку е заслужена. Во наредниот период треба да ја искористиме.

Почитувани пратеници,

Во Република Македонија по подолго време повтроно економско социјалните теми станаа доминантни. Како што веќе претходно реков, тоа е сигурен знак дека полека, но сигурно државата се нормализира.

Од тие причини во ова мое обраќање пред вас токму на оваа проблематика ќе посветамм и најмногу време и најголемо вниманмие. Ќе почам со таксативно набројување на некои непобитни факти:

Прво, пред една година Република Македонија беше држава без регулирани односи со меѓународните финансиски институции. Од тие причини и средствата од Донаторската конференцијај за Македонија беа замрзнати. Денес, Македонија има аранжман со ММФ и Светската банка кои, не само по наша, туку и по нивна оценка успешно се спроведуваат.

Второ, во 2002-та година, растот на бруто домашниот производ изнесуваше )7%. Во 2003 гпдома. растот на бруто домашниот производ изнесува 2,8%.

Трето, во 2002 година, имаше пад на индустриското производство од 5, 3%. Во првите девет месеци од 2003 година имаме раст на индустриското производство од 7,3%.

Четврто во ноемврти 2002 година девизните резерви на државата изнесувале 740 милиони долари. На почетокот од октомври 2003 година девизните резерви изнесуваат 847 милиони долари, односно за 107 милиони долари повеќе.

Петто, инфлацијата за 2002 година, изнесуваше 1,8%, а за првите 9 месеци од 2003 -тата година, 0,8%.

Шесто, буџетскиот дефицит во 2002 година изнесуваше 5,8% од бруто домашниот производ, а во 2003 година ќе изнесува 1,4% од бруто домашниот производ.

Седмо, каматната стапка на благајничките записи на Народната банка во октомври 2002-та изнесуваше 11,1%, а на почетокот од септември 2003 година 7%.

Кои се заклучоците од овие показатели:

- Македонија е повторно сосетавен дел од Меѓународно финансискиот систем.
- Во оваа година имаме раст на бурото домашниот производ, раст на индустриското производство, раст на девизните резерви на државата.
- Во оваа година имаме намалување на буџетскиот дефицит, намалување на каматните стапки, намалување на нивото на инфлацијата во однос на нивото од претходната година.

Ова се неспорни, објективни, меѓународно верифицирани факти. И, секој оној кој ќе се обиде да тврди дека перформансите на македонската економија се влошиле а не подобриле во текот на изминатата година, ќе мора прво да ги оспори овие бројки, па дури потоа да ги дава своите политички квалификации.

За да не остане никаков сомнеж ќе ги изнесам и податоците за уште два сектори што се меѓу себе директно поврзани, каде трендовите се неповолни и каде со право можат да се упатуваат критики:

Имено, во октомври 2002 година, вкупниот број на вработени изнесувал 376 илјади лица, додека на крајот од септември 2003-та таа бројка изнесувала 384 илјади лица или зголемување за 8 илјади.

Во 2002-та, вкупните странски инвестиции во Република Македонија изнесувале 78 милиони долари, а во првите 7 месеци од 2003-та година само 26 милиони долари, што без разлика на активностите што ќе следат до крајот на годината, сепак претставува намалување.

Што можеме да заклучиме од сето ова заедно? Генералните економски, финансиски и политички се во ред и тие даваат резултати. Перформансите на македонската економија во оваа година се подобрени. Имаме раст на бруто домашниот производ, што можеби не е онолкав колкав што посакуваме. Но е раст, а не стагнација и намалување. Главниот проблем можеме да го идентификуваме на ниското ниво на инвестиции, што станува лимитирачки фактор за подинамичен развој и има свои директни рефлексии во секторот на нови вработувања.

Почитувани пратеници, 2003 беше година на стабилизација. Година во која главните напори се вложија државата да се врати во нормални рамки и да се содадат неопходните предуслови да можеме да тргнеме напред. Во најголема мера таа цел е постигната. Идната 2004 година ќе биде пред се, година посветена на економијата, на почетокот на еконмскиот развој.

Генералните макроекономски и макрофинансиски политики остануваат исти. Тоа значи продолжување на курсот на економските реформи во соработка со ММФ и Светската банка. Но во рамките на таа генерална политика имаме намера да покажеме многу поголема ефикасност, токму на секторот каде не сме задоволни со резултатите, а кој е најзначаен за отпочнување нов развоен циклус, тоа се инвестициите, јавно превземена обврска нивото на сите инвестиции, домашни и странски да биде поголемо за 200 милиони долари во однс на нивото на вкупните инвестиции остварени во 2003 година.

Мене ми е сосема јасно каква и колкава е одговорноста за мене лично, но и за Владата во целина со една ваква пред Парламентот и пред јавноста дадена гаранција. Јасно ми е дека критериумот за успешност, или неуспешност на Владата, ќе биде токму остварувањето на ова исклучително високо поставена норма. Но тој ризик свесно го превземаме. Како ќе го оствариме тоа? Пред се, со општи системски мерки за подобрување на вкупниот амбиент за инвестирање насочен и кон домашните потенцијални ресурси и кон странскиот капитал за кој поконкретно ќе ве информираме при презентирање на макроекономските политики за 2004 година.

Во оваа прилика, сакам да информирам за дел од конкретните проекти кој веќе подолго време ги подготвуваме.

Прво, сите градежни локации во сопственост на Република Македонија кои од сопственички аспект се неспорни и неоспорени, а на кои според деталните урбанистички планови, донесени од страна на општините е предвидено да се градат стопански, станбени, деловни, трговски, хотелски или карактеристични инфраструктурни објекти.

Согласно постојниот закон ќе бидат овластени и по пат на лицитација продадени на заинтересирани инвеститори. До овој момент бројот на евидентирани локации се повеќе од 100, а процесот на подготовка на дополнителен број продолжува.

Мотивор за овој проект не е во приходите на државата што ќе ги оствари од продажбата, туку во инвестирањето на објектите кои овие локации ќе се градат. Првата група на локации ќе биде огласена пред истекот на оваа календарска година.

Второ, проектот за слободна економска зона Бунарџик промовирана од претходната влада за жал, до ден денес не заживеа.

Со оглед на фактот дека парнерите со кои претходно беше потпишан договор за основање на зоната до овој момент не исполниле најголем дел од условите на договорот, истиот ќе биде раскинат. Сите подготовки за распишување на меѓународен тендер за избор на основач на слободната економска зона се завршени и истиот ќе се објави до крајот на оваа година.

Доколку тендерот биде успешен и добиеме реномирана странска компанија за основач на зоната, ќе се продолжи со реализацијата на проектот.

Ако од било кои причини тендерот биде неуспешен, дефинитивн ќе се напушти идејата за слободна економска зона Бунарџик ќе се пристапи кон веќе подготвеното алтернативно решение, а тоа е прогласување на Бунарџик за индустриска зона. Државата ќе ја превземе на себе обврската за изградба на целокупната патна, електроенергетска, водоводна и телекомуникациска инфра структура до и во зоната, што се проценува на износ од околу 15 милиони евра. Ќе се изврши парцелизирање на зоната. Се проценува дека ќе се добијат околу 400 градежни парцели од по две илјади метри квадратни кој ќе бидат понудени буквално бесплатно на сите оние кои се подготвени да инвестираат во стопански објекти со мал и среден бизнис. Единствен услов ќе бидат почеток на градбата во рок од три и завршување на градбата во рок од 12 месеци.

Трето, во изминатиот период се водеа преговори со некоку странски реномирани компании за инвестирање и изградба на деловно трговски центри во Република Македонија. Во најодмината завршна фаза се наоѓа проектот со една од најмоќните не само турски, туку и светски компании Кошходин. Се работи за инвестиција, по нивна проценка од околу 30 милиони евра од кој градежниот дел би изнесувал помеѓу 15 и 17 милиони евра. Сите подготовки барем досега одат во најдобар ред и според планот почетокот на градбата се очекува на самиот почеток на 2004 година.

Четврто, подолго време во Македонија се споменува проектот за изградба на гасна комбинирана централа во Скопје. Вкупната инвестиција се проценува на околу 100 милиони долари.Со оглед на пројавениот интерес на неколку компании од различни земји за изградба на оваа централа по пат на концесија, намерата на Владата е во соработка со странски консултанти, најверојатно со консултанти од Светската банка, да дојде до најповолната понуда во најкратки рокови. Проценуваме дека реализацијата ќе отпочне во 2004 година, а ќе биде завршена во 2005 година.

Петто, почитувани пратеници, знаете дека во Електростопанство на Македонија се одвива процесот на преструктуирање на претпријатието. Целта е подготовка на компанијата за претстојната либерализација на електроенергетскиот пазар и неопходноста од приватизацијата на поодделни нејзини делови.

Европската банка за обнова и развој врз основа на преговорите што беа водени искажа подготвеност веќе во оваа фаза да инвестираат 45 милиони евра и на тој начин да стане коакционер во Електростопанство на Македонија. Намерата на Владата овие средства да бидат искористени или за инфраструктурни инвестиции, или за инвестициони проекти во самото Електростопанство на Македонија, на пример во забрзување на изградбата на Матка-2.

Шесто, обиколката околу Скопје е еден од најзначајните инфраструктурни објекти, финансиската конструкција во износ од 120 милиони евра е заокружена.За жал, заради нерасчистени имотно-правни прашања но и заради разно разни админитративно бирократски опрструкции од 2003 година се пропушти шансата за отворање позначаен градежен фронт на овој проект. Владата превзеде обврска да ги надмине сите потешкотии и еден значаен дел од овие средства да бидат реализирани токму во 2004 година.

Седмо, на крај би спомнал еден проект чие значење е многу повеќе политичко, историско, национално, отколку економско или финансиско. Оваа 2003 година ја одбележувавме и ја одбележуваме 100 годишнината од Илинденското востание на

македонската држава. Јас ја делам оценката и чувството на многу наши граѓани дека тоа не го направивме на вистински и најдостоен начин.

Во оваа прилика, апсолутно немам намера да го отворам прашањето кое ја носи одговорноста за тоа актуелната и претходната влада. Одборот за реализација на прославата, или Претседателот на државата, како прв човек на тој одбор.

Она што сакам да го спомнам е дека оваа како и претходните години доживувавме понижувачки моменти и како народ и како држава во обидот да го посетиме местото каде што се одржало заседанието на АСНОМ, Манастирот “Прохор Пчински”.

Следната година се случува уште еден голем јубилеј, 60 години од Заседанието на АСНОМ, од создавањето на современата македонска држава. Она што веќе никогаш нема да го дозволиме е достоинственоста на еден од одбележувањето на еден од најсветлите и најсветите настани на нашата историја да зависи од хировите и расположението на свештеници од друга црква, од односите на таа црква, и властите на таа држава, или односите на таа црква со Македонската православна црква.

Од тие причини Владата ќе донесе одлука за изградба на меморијален центар посветен на АСНОМ. Локацијата е веќе избрана, се наоѓа во близина на село Пелинце, на самата граница со Србија, само на неколку километри оддалеченост од Манастирот Прохор Пчински. Меморијалниот центар ќе има спомен дом, споменично обележје и спомен парк. Идејното решение ќе се определи низ соодветна процедура, по пат на јавен конкурс, кој ќе се распише во наредните два месеци. Целиот проект треба да се реализира и свечено промовира на 2 август 2004 година, по повод јубилејот 60 години од Заседанието на АСНОМ.

Почитувани пратеници,

Денес пред вас и пред целата македонска јавност се обидов во кратки црти да ги изнесам моите оценки за учинокот на Владата од првата година од нашиот мандат. Се надевам дека и самите се уверивте дека немав намера ниту да го оправдувам тоа што не може да се правда, ниту да ги прикривам, или разубавувам фактите. Но, исто така немав и немам намера да прифатам негаторски или потценувачки однос кон она што реално е постигнато. Ќе повторам уште еднаш.

Македонија денес во споредба со Македонија од пред една година е постабилна, поперспективна, посигурна држава во секој поглед. Тоа е факт и тоа не е паднато од небо. Тоа е сработено од оваа Влада и од овој Парламент. Ако ме прашате дали во изминатава година грешевме одговорот е да. Ако ме прашате дали

јас лично сум задоволен од постигнатото одговорот е не. Но, исто така, ако ме прашате дали имаме јасен концепт и визија за тоа што работиме, зошто го работиме и кои цели ќе ги постигнеме одговорот е да. Имаме јасен концепт во кој веруваме и од кој нема да отстапиме без разлика на непопуларноста на одредени мерки и влијанието на тие мерки на рејтингот на Владата.

Почитувани пратеници,

Граѓаните ве избраа вас, а вие ја избравте оваа Влада не зе да го штитиме сопствениот рејтинг, туку да ги решаваме проблемите на оваа држава. Ако некој смета дека треба да се води популистичка политика верувајте ми и знаеме и можеме да го направиме тоа, но каде ќе завршиме со пристапот од денес до утре? Дали на тој начин ќе излеземе од овој затворен круг во кој се наоѓаме со години наназад, или пак ќе се одважиме еднаш и колку да е тешко да го направиме вистинското без разлика на цената што ќе се плати денес но во име на една подобра иднина.

2003 година беше година во која моравме да ја вратиме Македонија таму каде што припаѓа. 2004 година е година во која мора да тргнеме напред. За тоа ни е неопходна уште поголема ефикасност, решителност, подготвеност за преземање ризици. Врз основа на оценките на направеното и ненаправеното во изминатата година и врз основа на плановите за наредниот период денес на Собранието му предлагам реконструкција во четири исклучително важни и значајни ресори.

На сите досегашни министри кои нема да бидат во новиот состав на Владата сакам да им се заблагодарам на соработката и придонесот што го дадоа во едно исклучително тешко време. Немаат ниту една причина да се чувствуваат поразени или понижени. Убеден сум дека нивната стручност и квалитети може да бидат од огромна корист на други општествени или државни функции.

Истовремено сакам да најавам дека веднаш по реконструкцијата на Владата ќе се изврши преоценување на учинокот на целата вертикала на извршната власт и секаде каде што ќе се оцени дека е потребно ќе бидат направени неопходните промени. На Македонија и се потребни брзи, видливи и недвосмислени резултати. Тоа е поважно од секого и од се останато.

Почитувани пратеници,

Моите најблиски пријатели и соработници знаат дека минатата година бев многу повеќе загрижен по отколку пред изборната победа. Денес Ви тврдам дека

сум поголем оптимист отколку било кога во последните пет години. Знаеме каде сме, знаеме каде сакаме да стигнеме и знаеме како тоа можеме да го направиме.

Благодарам.

(Аплауз)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на претседателот на Владата.

Со оглед дека експозето не е поделено објавувам пауза до 13,45 часот, од два часа за да се подели експозето, за да можат пратеничките групи да го проучат.

Едновремено тоа ќе биде и пауза за ручек. После ќе продолжиме со работа. Значи продолжуваме за два часа.

(Седницата прекина со работа во 11,45 часот).

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 13,55 часот).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со претресот.

За збор се јави господинот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседавач на Собранието, почитуван господин премиер, почитувани пратеници, претставници на медиумите, почитувани дами и господо,

Со внимание го слушнавме излагањето на г. премиер денеска, кое што делумно беше за реконструкцијата и делумно или во најголем дел ја отсликуваше работата на Владата во минатата една година. И како што во неколку наврати во неговиот говор спомна дека ова излагање имаше еден вид на отчет за работењето на Владата минатата година. Оттука и моите коментари ќе бидат во врска со тоа.

На почекото би сакал да истакнам дека беше кажано дека отчетот бил нова пракса. Во некоја рака да, меѓутоа би сакал да потсетам дека од 2000 година до крајот на мандатот на претходната Влада Министерството за финансии секоја година публикуваше отчет, јавно го публикуваше, прво програмата во печатени медиуми, а подоцна, на крајот на годината или на почетокот на следната исто така на платен простор на медиумите даваше отчет за тоа што е сработено од

програмата, што не е и објаснување за тоа што не е зошто не е сработено. Исто така во вид на билтен отчетот на Министерството за финансии беше испраќан овде на сите пратеници. Меѓутоа, тоа не беше пракса на Владата и во тој дел се согласувам дека само тој момент може да е новина.

Почитувани пратеници,

Јас моето излагање сепак би го погледал од една друга дистанца. Минатата година на изборите граѓаните на Република Македонија гласаа според она што им беше ветувано. Тие не гласаа заради тоа што бруто домашниот производ во оваа година ќе биде за 1% посто поголем отколку што бил во исклучително тешката 2002 година, туку гласаа заради тоа што беше напишано во Програмата на СДСМ и тоа што беше јавно ветено од говорниците на сите митинзи од страна на претседателот на СДСМ и на другите членови. Оттука јас изборите ги гледам како еден, можеби неформален договор помеѓу гласачите и победничката партија и нејзинот лидер. Значи тоа на некој начин е интерен договор помеѓу тој што гласа и тој што ветува. Договорот содржи ветувања направени од победничката партија и нејзиниот лидер и разумни очекувања на населението. Тие прашања може да се поделат во неколку групи.

Првата група е најболното, невработеност, економија и животен стандард.

Втората група е безбедност.

Третата е успешно раководење на државата во политичка и социјална смисла и

Четвртата чесност во работењето.

Сегашната Влада после една година владеење со сигурност може да се констатира и да се каже дека го прекрши овој договор на сите 4 точки.

Доколку Владата беше менаџмент, беше раководство на приватна компанија сопствениците на фирмата, акционерите ќе го отпуштеа ова раководство. Сега ќе тргнам во тие елементи, во тие прекршувања, еден по еден, се разбира покрупните, бидејќи поситни ги има многу.

Прво и клучно ветување, во Програмата на СДСМ јасно стои, “според нас”, се вели во програмата, во изборната програма во 2002 година, врз основа на која гласачите ја избраа оваа Влада. “Според нас прашањето на невработеноста е прашање на кое треба да опстане или да падне една влада во Македонија”. Исто така има ветување дека за 4 години ќе се вработат од 150 до 200 илјади лица во Република Македонија.

Второ ветување поврзано со ова. На својот говор во Гостивар на 19 август 2002 година г. претседател на Владата, Бранко Црвенковски вети дека од секое семејство ќе овозможи да има барем по еден вработен. Ветувањата беа многу убави за ушите на гласачите, тие ветуваа, тие ја дадоа довербата на СДСМ затоа што тие почувствуваа еден неформален договор.

Логично е дека за една година не може да се постигне се. Меѓутоа, една година е една четвртина од мандатот и исто така е логично да се очекува дека барем една четвртина од она што било ветено во таа година ќе биде остварено. Тоа беа ветувањата. Што е реалноста?

Согласно Заводот за статистика и извештајот на ММФ, најновиот, од септември 2003 година невработеноста во Република Македонија за една година по официјални статистики прифатени за Меѓународната заедница е зголемена за цели 5%, од 31,9 на рекордни досега во историјата на Македонија 37% од работо способното население. Значи, порасна невработеноста за цели 5%.

Гледано и според извештаите на Заводот за вработување, кој често во минатото додека ние бевме на власт, СДСМ милуваше да ги коментира, невработеноста исто така е зголемена за речиси 10 илјади нови невработени за една година. Имаме драматично зголемување кај невработеноста.

Уште позагрижувачки е уште еден податок што беше споменат во излагањето на премиерот, меѓутоа беше така летаргично споменат, како едно од поневажните ветувања е тоа што според анкетата на работна сила оваа бројка од 561 илјади вработени, значи, сега не невработени, туку вработени, за една година во 2002 година е падната на 545 илјади вработени во јули. Значи, не е ни за цела година, што е намалување за цели 16 илјади вработени што останале без работа.

Во овој податок, да ве потсетам дека не се вкалкулирани отпуштените од Електростопанство на Македонија, не се вкалкулирани оние што добија откази од Фондот за здравство, не се вкалкулирани отпуштените од ПУИГ, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и останатиот дел на државната администрација на кој што веќе му е поделен отказ и е во фаза на подготовка.

Да се потсетиме дека тогаш беше ветувана и една позната програма за вработување. Од програмата за вработување на видовме ништо. Видовме само еден закон, кој што популарно го носеше името по името на премиерот, кој што дефинитивно доживеа едно комплетно фијаско. Закон за кој што Владата планираше 2 милијарди денари, околу 600-700 милиони само за оваа година, беа потрошени голем дел од тие средства, резултатите се нула. Има некои 6 илјади вработени,

меѓутоа во услови на дезинвестирање оценка е од сите релевантни економски фактори дека и без овој закон најголем дел од овие 6 илјади ќе беа вработени.

Она што најмногу ме загрижува во целата оваа работа и кога историски го гледаме зголемувањето на стапката на невработеноста во Република Македонија од 1992 година до 1998 година, од 1999 до 2002 година и повторно сега. Не знам колку се сеќавате, тоа го споменувавме во изборната кампања, меѓутоа невработеноста во Република Македонија од 1992 година до 1998 година се зголемува за дупло, или за три пати, неможам во моментов да се сетам на тоа. Значи, имаме постојан раст на невработеноста од 1992 до 1997 година. Само во 1998 година имаме едно мало намалување на невработеноста, кога беа земени многу кредити во државата однадвор и тогаш е регистрирано мало намалување на невработеноста според Заводот за статистика. Цело време линијата на вработеност - невработеност односно на невработеност оди во нагорна линија. Од 1999 година до 2002 година ситуацијата беше обратна. Не беше големо намалувањето на невработеноста, беше скромно покрај една војна, Косовска криза итн, беше скромно меѓутоа имаше надолен тренд. Сега повторно истата гарнитура, по нејзиното доаѓање, имаме зголемување и нагорен тренд на невработеноста. Значи тоа е ветувањето, тоа е она што го гледаме во реалноста.

Второ крупно ветување, страница 9 од Програмата на СДСМ: “Владата на СДСМ ќе обезбеди стабилно и постојано зголемување на бруто домашниот производ од над 6% годишно”. Грѓаните си го прочитаа ова, над 6% годишно значи 6,7,8% годишен пораст на бруто домашниот производ наспроти поскромните пораsти што ги имаше во претходниот период. “Таква стапка”, се вели понатаму во Програмата, “со таква стапка на раст на бруто домашниот производ двојно ќе се зголеми за период од 12 години”. Тоа беше ветувањето.

Реалност: Уште во првиот месец по влегувањето во Владата излезе на виделина, Владата на СДСМ на ММФ му предложи стапка на раст за 2003 година од 3%, а за 2004 година надеж за 4%. Неколку месеци подоцна, кога ММФ виде како работи оваа Влада, ги намали проекциите на 2,8%. Значи уште една голема лага и уште едно крупно прекршување на она што беше ветено. Со ваков раст ќе ни требаат илјада години за да го достигнеме нивото на една од посиромашните држави во ЕУ, како што е например Грција.

Трето ветување од Изборната платформа, на која гласачите се “залепија” условно да кажам, поверуваа, е дека Владата на СДСМ ќе ги зголемува девизните резерви и денес слушнавме дека тие се страотно зголемени. Девизните резерви во

септември 2002 година, 15 септември 2002 година, кога дојде шокот во Република Македонија, откако видоа граѓаните дека многу ветувања што беа дадени не се остваруваа, откако видоа кој ќе биде коалициониот партнер на СДСМ, откако командантите поранешни почнаа да даваат изјави, значи во септември 2002 година имаме 831 милион долари девизни резерви. Во септември 2003 година имаме 847 милиони долари и тоа може повеќе да се каже како стагнација отколку како симболично зголемување.

Да потсетам, девизните резерви во првите пет-шест месеци опаднаа за цели 100 милиони долари. Меѓутоа, со помош на донациите кои пристигнаа од Донаторската конференција што беше одржана во март 2002 година, тоа беа околу 60-70 милиони долари, со помош на 20 милиони долари од сукцесијата и можеби најмногу со помош на депресијацијата на доларот во однос на еврото, бидејќи девизните резерви во Македонија се чуваат поголем дел во евра, се достигна оваа бројка која што не е ништо друго освен стагнација во однос на она што го имавме на 15 септември во 2002 година.

Да потсетиме на минатото. Девизните резерви во периодот на претходната Влада беа триплирани, за четири години беа триплирани.

Паралелно на ова, и уште една причина, четврта приина за зголемување на девизните резерви: со приказната за надворешниот долг, надворешниот долг на земјата за една година е пораснат за цели 150 милиони долари. Од 1 милијарда 450 милиони долари во октомври 2002 година на 1 милијарда 640 милиони долари во септември 2003 година, од кога е и последниот податок. Значи цели 150 милиони долари земјата дополнително е задолжена и ова си има свое влијание во девизните резерви. Затоа, и тука некаде се одржуваат девизните резерви, затоа што дел од овие пари практично се влезени во девизните резерви, оние што се макроекономска помош од Донаторската конференција.

Уште едно потсетување и нишка со минатото, како што имавме нишка кај невработеноста, како што имавме нишка и кај девизните резерви, и тука има една нишка што загрижува. Надворешниот долг во периодот 1997-1998 година, значи особено 1998 година пред изборите, е зголемен за 250 милиони долари. Драстично зголемување на надворешниот долг во периодот пред изборите во 1998 година. За периодот од 4 години на владеење на ВМРО-ДПМНЕ надворешниот долг го запира нагорното одење, немаме зголемување на надворешниот долг, а имаме вратени 620 милиони долари долг и камати од претходниот период.

И потсетување од ова што беше спомнато за буџетскиот дефицит, постојано се зборува за една бројка од 5,8% во 2002 година. Точно е, тоа е официјална бројка за буџетскиот дефицит во 2002 година, меѓутоа, сите треба да имаат на ум дека во овој буџетски дефицит се вкалкулирани повеќе од 1,5% дефицит заради оној закон што го донесовме за обештетување на штедачите од ТАТ. Без тоа буџетскиот дефицит изнесува малку над 3%, што е блиску до границата на ЕУ. Друго е прашањето дали дефицитот од 1% е добар за Република Македонија, не е добар, во некои ситуации може да е така добро, меѓутоа, во ситуација на дезинвестирање, во ситуација кога нема крупен напредок прашање е зошто држави како Германија, како Грција и други имаат по 3% дефицит, дури и повеќе, а ние мораме да имаме 0,9%. Меѓутоа, во однос на тоа дека имаше голема дезинвестиција оваа година, можеби е добро што падна силно дефицитот. Но оние 1,6 или 1,7% што отпаѓа на ТАТ е проблем што го наследи претходната Влада, што го решаваше во 2002 година и за кои виновникот знаеме каде треба да го бараме.

Четврто крупно ветување од претходните избори се странските инвестиции. Повторно еден дел од Програмата на СДСМ вели: “Промовирање на Македонија за привлечна земја за странски директни инвестиции и за користење на концесиското право преку нејзината безбедносна стабилизација, преку мерките на тековната економска политика и спречување на корупцијата”. Тоа е ветувањето.

Да ве потсетам дека 2000 година странските директни инвестиции во Македонија изнесуваа 176 милиони долари, до тогаш највисок прилив на странски директни инвестиции. Во 2002 година странските директни инвестиции беа 442 милиони долари, од кои околу 300 милиони долари беа по продажбата на “Македонскиот телеком” а околу 142 милиони долари беа од останатите инвестиции кои што влегоа во Република Македонија во сред војна. Во услови кога во Тетово имавме класични воени судири, “Жито Лукс” односно неговиот нов газда правеше свеченост по повод неговото инвестирање, не се сеќавам точно, но на десетина или 15 милиони долари да кажеме и тн.

Од тука, сакам да кажам дека нискиот износ што беше споменат, во најмала рака може да се товари на безбедносната состојба, затоа што и во драстично полоши безбедносни услови Македонија остваруваше и привлекуваше многу повеќе странски капитал. Веројатно причината за реалноста од она што беше ветување - инаку, со едно такво ветување граѓаните очекуваа најмалку 250-300 милиони долари да стигнат оваа година, откако таа Влада што требаше да си отиде си замина. Меѓутоа, еве, сведоци сме на тоа дека во првата половина од оваа година, за шест

месеци во Македонија влегоа околу 18 милиони долари странски инвестици и дека тоа е многу загрижувачки. Слушнавме сега некој понов податок за два-три милиони повеЌе, меѓутоа, навистина тоа е загрижувачки.

Не треба да зборувам дека странските инвестиции значително подобрија за да бидат одредени резултати во економијата многу подобри и животниот стандард да биде многу подобар. Да рееме, инвестицијата во Стопанска банка не само што ја тргна Стопанска банка од грбот на државата, туку дополнително беа вложени 50 милиони евра, дополнително беше воведено ново знаење, нов човечки капитал и загубите што претходно беа, исто така, инвеститорите ги поделија со државата. Да кажеме, тогаш влезе инвеститорот во Тутунска банка, инвеститор во Алфа банка и во други банки, влегоа други крупни инвестици, меѓутоа, очигледно е дека оваа Влада тргна од тоа дека секој што влегол и инвестирал во Македонија во ериодот кога СДСМ не беше на власт е сомнителен, треба да се провери, до тука ајде и да речеме дека можат тоа да го направат, меѓутоа, тоа се правеше така гласно, така брутално, така беше на насловните страници на весниците, на телевизиите и тн., со однапред осудување дека нешто некаде се случило, што буквално ги исплаши сите странски инвеститори и тие се повлекоа од намерите да инвестираат во Македонија. Од друга страна, беше овозможено влегување во фирмите на штрајкувачки одбори, потпомогнати од продолжената рака на СДСМ и нивниот поддржувач на изборите, претседателот на Синдикатот, кој што јавно ги поддржа на изборите и ги покани членовите на Синдикатот да гласаат за СДСМ - значи, неговото појавување беше доволен стимул и сигнал од Владата, бидејќи заедно со нив излезе на бината во 2002 година, дека треба да рушат некој приватен инвеститор, да го тргнат од таа позиција и да го исфрлат од дворот на просториите каде што се наоѓа компанијата, во кој што тој странски инвеститор, или сеедно домашен, дал свои спечалени пари. Да не зборувам што на ТЕЛЕКОМ му беа упатени закани дека ќе му бидат пуштени сите можни  инспекции доколку  не даде дивиденда на Владата и тн. Како резултат на сите овие случувања, прогони на високи функционери од минатото, монтирани случаи и тн., како резултат на тоа имаме бегање на инвеститорите од Република Македонија. Тие се повлекоа. Тие сакаат мирни услови, сакаат поволни услови за инвестирање, не сакаат за партнер да ја имаат Владата, секојдневно од неа да стравуваат, па да се договараат, па да одат на преговарачка маса. Сакаат нормална атмосфера за бизнис. Впрочем, атмосферата за бизнис беше коментирана во послендиот извештај на ММФ, каде што најдиректно се кажува, а пред некој ден тоа го кажа и претставникот Розвадовски дека во Македонија имаме нарушена бисниз

атмосфера оваа година и тоа е факт. Факт е затоа што и домашните инвеститори престанаа со инвестиции, домашните инвеститори се исплашија од ова што се случува и дојде време луѓето што имаат пари да се плашат да ги инвестираат, затоа што веднаш ќе им дојдат контроли, веднаш ќе се најдат на насловните страници на медиумите, веднаш ќе бидат осудени. Бадијала што подоцна можеби судските постапки ќе покажат нешто сосема друго, кога целата држава ќе дознае дека тие најверојатно нечесно заработиле или нечесно купиле нешто и тн.

Значи во една таква атмосфера, ако премиерот планира и следната година во таква атмосфера да довлечка странски инвестиции, можам само да кажам дека тоа прилично тешко ќе му тргне од рака. Меѓутоа, ако тоа  го промени, секако дека шансите за Македонија се тука.

Секако дека странските инвестиции имаат свој одраз на вкупниот бруто домашен производ, бидејќи тие се значаен импут во таа насока и дека и оние инвеститори кои се затекнати имаат едно големо разочарување. Неодамна го сретнав главниот сопственик на Компанијата ВАЦ, кој прво беше зачуден што неговата инвестиција е половина од вкупната инвестиција во оваа година до сега, а уште повеќе зачуден за притисокот што му се прави и отворено кажа дека ако вака се продолжи тој ќе размисли да си ја повлече својата инвестиција, која е 50% од вкупната инвестиција во Македонија до сега. Човекот кажа дека планира и нови инвестиции, меѓутоа, дека ќе ги одложи се додека не види дали ова однесување на властите ќе продолжи. Да не зборуваме какви информации инвеститорите ќе добијат кога ќе ја добијат ОКТА, што се случувало во Македонски телекомуникации, Газела и други компании. Во најголем дел од овие фирми работниците најмногу страдаат. Додека некој се обидува некого друг да направи крадец, да го пикне во притвор или нешто друго, најголемото страдање е токму на оние кои што работат во тие компании и кои егзистираат од работењето во тие компании. Значи, тоа беше ветувањето, тоа е реалноста што и се случува на Република Македонија.

Понатаму, друго ветување исто така е дека “Владата на СДСМ” - вадам повторно делови од Програмата - “ќе настојува да ја намали екстерната нерамнотежа”, што значи трговскиот дефицит.

Реалност: значи не само што  е катастрофално со инвестициите, уште полошо е со трговскиот дефицит. Рекордни големини до септември, од 652 милиони долари, се разбира, непродуктивен трговски дефицит, затоа што не сме во година кога имаме наплив на инвестиции. Тоа би било продуктивно кога годинава ќе беше

преплавена со странски инвестиции, увоз на опрема и тн. Секако дека кога ќе се навлезе длабоко во суштината на ова, ќе се види дека овие инвестиции се далеку од продуктивност. За пример ќе спомнам само еден податок дека инвестициите во машини и опрема, главната ставка со која може да се оди напред, во првата половина од 2003 година се за 8% помали во споредба со истиот период од 2002 година. Иако 2002 година не е некоја година за споредување, затоа што до 15 септември имавме бомбашки напади од тогашната воена организација што ја нападна државата, сепак и од тој период 8% се помали во споредба со истиот период таа година. Последиците се познати.

Петто крупно ветување што СДСМ го даде и граѓаните поверуваа е - и гледам дека тоа сега се истакнува дури обратното од тоа што се случува и како пофалба излегува дури - во својата програма беше ветено дека инфлацијата немало да биде како дотогаш, дотогаш во просек беше околу 3,5%, просек од неколку години, туку како што пишува во нивната програма ќе изнесува помеѓу 5 до 7% годишно, бидејќи тоа било ниво на земјите во развој.

Што е резултатот во реалноста? Околу 1% инфлација оваа година. Еве го коментарот во програмата на СДСМ за 1% што значи: “исклучително ниските стапки на инфлација од 1 до 2% може да имаат неповолен ефект врз стапката на економскиот раст”.

Господине премиере,  се надевам дека тој што ви помагал околу пишувањето на говорот требало да знае што претходно, ако истиот ја пишувал програмата, што сте пишувале во програмата. Значи, инфлација од 1% не е за фалење, особено не во Македонија, и особено што вие го кажавте тоа на граѓаните однапред.

Да потсетиме дека во 1998 година имавме дефлација од 0,1%. Значи, конзистентна политика и тука. Истовремено во услови на една ваква ниска инфлација цените на основните продукти пораснаа. Порасна цената на греењето, ми се чини за 21%, пораснаа цените на лековите, на медицинските помагала, на струјата, иако беше ветувано најдиректно од претседателот на Владата дека нема да има покачување на струјата. Пораснаа цените на превозот, на средствата за лична хигиена, а наскоро треба да пораснат цените на  становите, тој дел стапува во сила од 1 јануари.

Луѓето што подлабоко се занимаваатг со економија точно знаат што значи кога цените растат,  а имаме 1% инфлација, а цените растат по 15 - 20%.

Шесто крупно ветување што беше дадено на граѓаните од оваа Влада е дека ќе има голем подем кај индустриското производство и тука веројатно сите мислите -

па и така е. Навидум, работите одат добро, но ако се иземат резултатите на само 3 или 4 фирми - ОКТА, ФЕНИ, Југохром и веројатно Мак Стил, ние имаме пад од речиси 18% на индустриското производство. Што знчи ова? Ова значи дека освен три-четири крупни фабрики во Македонија, сите други паѓаат во својата работа. Околу 70 - 80% од она што се вика индустрија во Македонија бележи негативен развој, односно пад во индустриското производство.

Само неколку сектори , каде што се, впрочем и овие компании, бележат позитивен раст. Да ве потсетам, Фени, Југохром и Окта се компании што претходната Влада буквално ги извади од мртвите. Поготово, би сакал да спомнам што Југохром беше на црна листа за отстрел од новата Влада, бидејќи трансформацијата се заврши токму во периодот кога беа изборите и да не беше интервенцијата од француските дипломати, веројатно, и оваа компанија ќе завршеше како Нова Макеоднија, како Газела и како уште редица други, каде што треба да му се докаже на народот дека биле криминални приватизации.

Слично е и кај извозот. Ако ги тргнеме овие компании и таму имаме пад од околу 15%. Значи и овој скромен раст од незнам, 4 или 5 проценти индустриско производство, е резултат на полниот резервуар реформско гориво што и го оставивме на СДСМ. Како што спомнав во 70 до 80% од индустриските гранки имаме пад. Тоа се факти.

Седмо крупно ветување, ќе се намали даночниот товар и повеќе производи ќе поминат од 19 на 5%, се мисли на данокот на додадена вредност, е реалност, а се случи обратно. Затоа, според сите информации, директна вина е токму кај премиерот, кој што така се договорил со ММФ. Сите членови на преговарачкиот тим кажуваат дека ММФ пред да замине на состанок кај премиерот, веќе договорил нов аранжман без зголемвуање на ДДВ. Меѓутоа, заради споменатиот закон за поттикнување на вработеноста, за кој што ние навреме интервениравме во Парламентот и кажавме дека нема да биде успешен, предупредивме пред целата јавност, дека тоа ќе биде фијаско, сепак, се прифати зголемвуање од 19 на 5% спротивно од она што беше ветувано на гласачите пред изборите. Нормално, тоа резултираше со зголемвуање на цени, а со незголемвуање на вработеноста онака како што беше најавена од Владата.

Исто така, во овој контекст би спомнал дека една од клучните параметри и едно од клучните ветувања беше дека Владата ќе изготви програма за намалување на сиромаштијата и дека брзо ќе ја спроведе и сиромаштијата ќе се намали. Владата кога дојде во својот кабинет имаше програма за намалување на сиромаштијата

готова, прифатена од Светската банка со забелешки, прифатени забелешки, конечно прифатена и објавена на веп страницата на Министерството за финансии. Нормално, се што беше сработено од претходната Влада, не чинеше, однапред беше прогласено дека тоа не е тоа и дека новите експерти што доаѓаат треба да измислат нова програма за намалување на сиромаштијата, која што и ден денес ја очекуваме да ја видиме, прво како програма, а подоцна да ја видиме како реалност во Република Македонија . Меѓувреме, сиромашијата во Република Македонија расте, дури процентуално по статистички податоци.

Осмо крупно ветување или којзнае кое по ред беше донесување на закон за враќање на дел од платениот ДДВ на потрошувачите , кои ги доставуваа сметките, значи повторно цитирам делови од програмата. Реалност, таков закон нема. Или уште едно, донесување на закон за насочување на дел од приходите на ДДВ според определвуање на граѓаните, заради стимулирање на плаќање на даноци. Јас тоа многу не го разбирам што сакаат да кажат тука, меѓутоа, таков закон во реалноста, нема .

Деветто ветување крупно, под наслов загубари. Беше ветено во изборната кампања дека за една година од доаѓањето на новата Влада ќе бидат решени сите загубари од листата на фесал аранжманот. Реалност, решен е само еден Астибо и тоа не целосно, неколку погони од Астибо, колку што знам, се само решени. Во другите се е во процедура. Една година постапките во другите загубари се во процедура. Во голем дел работниците се отпуштени, а во некои се на вештачко одржување. Покрај ова, во рамките на ова ветување беа дадени и други така да ги наречеме подветувања, меѓутоа исто така, важни и крупни. Владата ќе донесе закон за загубари. Ако гласате за СДСМ ќе има закон за загубари, ако гласате за ВМРО, ќе нема закон за загубари. Реалност, закон за загубари, нема. Ова, исто така, беше една голема измама за оваа структура на луѓе кои очекуваа тоа што им беше ветено, да се исполни. Сите знаете пред тоа дека не се согласува Светската банка, не се согласува ММФ. Тие преку медиумите ни го кажаа тоа, преку нивни изјави и т.н., меѓутоа некој ветуваше се што сакаше граѓанинот да слушне.

Дополнително, кога сме веќе кај ветувањата поврзани со синдикалниот лидер, да потсетам дека административците веќе ќе заборават што значи К-15 во државната администрација. И, покрај ова , да спомнам дека на работниците во претпријатијата загубари им се намалија од 12 на 8 месеци исплатите за надомест, па и ликвидација на фабриките и социјалната подршка од Заводот за вработување, се намали од 18 на 12 месеци. Целосно обратно од ветувањата. Во поединечни

фабрики, да кажеме, работниците во ФАС беа поттикнати да го урнат тендерот своевремено кога имаше реален купувач, со реални пари, со реален бизнис. Сега, една година гледаме мајтапење со нив како доаѓаат некакви инвеститори ветуваат големи суми, па еден датум, друг датум, па пролонгирање, една година и ФАС и еден куп други компании чекаат еден тендер, па друг тендер и се караат меѓусебе. Тоа е тоа, а да не ги споменувам случаите на една година агонија на Нова Макеоднија, на Порцеланка и секаде каде што беше изразена силна деструкција. Јас не велам дека во овие компании, не требало да се изврши некаква истрага. Можеби некаде имало сомнение, можеби имало и грешка и тоа е во ред. Меѓутоа, не и целосно да се рушат фирмите и луѓето да останат без работа. Правете ги контролите, меѓутоа, внимавајте што ќе се случи со работницит еи самите компании, бидејќи неработењето на компаниите ги зголемува нивните загуби и ако не биле за затворање, ќе станат компании за затворање, како што е сега случајот со Нова Макеоднија. Не знам дали треба уште еднаш да спомнам успешни случаи на Фени, Југохром, на други, од кои што во минатиот период имаме големи придобивки, значи, како контраст на ова што се случува сега, се симнаа од грбот на државата, се обезбеди преструктуирање и работа за вработените, нови дополнителни инвестиции и сега токму тие ја влечат макеоднската економија, индустриското производство и девизните приливи, што е многу важно во земјата.

Друг, исто така, проблем што би го спомнал е закочувањето на платниот промет. Во Македонија во оваа година имаме драстично зголемување на неплаќањето, драстично намалување на ликвидноста, никој никому не плаќа, никој нема средства, затоа што, прво, Буџетот не ги потроши своите пари за инвестиции што требаше да ги потроши и тоа е вина на сите министри, кои не ги потрошиле парите на време. Штом не се троши Буџетот, а Буџетот е во оваа мала држава голем конзумер, голем потрошувач, тој е исклучително важен и тоа не е убаво да е така. Би било добро приватниот сектор да е она вистинското. Меѓутоа, состојбите се такви и сеуште се такви и Буџетот е еден од клучните двигатели во земјата. Заради ова дојде до страотно зголемување на неликвидноста во државата, невраќање на ДДВ од стопанството во Буџетот, зголемено за околу 30%, ако не се лажам и обратно за уште повеќе, за 50% е намалено враќањето на ДДВ на компаниите во приватниот сектор, што дополнително ја влоши состојбата со неликвидноста. Зошто е тоа така, нели, Вадата треба да си направи свои анализи. Денационализацијата беше максимално забавена и други процеси, како реформите во пензискиот систем и т.н., беа оставени на маргините односно со тие реформи ништо не се случува.

Десето крупно ветување вели дека Владата на СДСМ ќе обезбеди сигурност на земјоделскит епроизводители и стабилни услови за стопанисување. Тоа е ветувањето. Реалноста го покажа следното. Владата го започна процесот на укинување на Фондот за земјоделие. Ги намали за 400 милиони денари субвенциите за земјоделците, ја намали цената за откупот на тутун и единствениот обид за штрајк или демонстрација  на земјоделцит еод Струмица пред Владата беше спречен со полициска интервенција, која што камионите ги запре и ги пренасочи кај велзот на Скопје.

Единаесетто крупно ветување. Владата на СДСМ ќе обезбеди услови за забрзан развој на градежништвото. Реалност, цените на становите, зарадизголемвуање на ДДВ од 1 јануари ќе поскапат за 13%. Изградбата на социјалните станови е запрена за цела една година.

Дванаесетто крупно ветување, дека приватизацијата ќе биде брзо и експресно завршена, но и дека таа ќе биде валоризиран аодносно дека ќе се добијат значително поголеми износи од приватизацијата. Јас не сум противник на брза приватизација, напротив, подршувам и кога се гласаше тука законот, измените на законот , јавно го подржав тоа. Меѓутоа, ние во овој период имаме распродажба на капиталот и за тоа треба да бидеме свесни. Дури, да е тоа поволно, затоа што брзаме да ја завршиме приватизацијата, треба да бидеме свесни дека некој во минатото зборуваше за многу поголеми суми и дека тоа е распродажба. Сега, за многу помали суми никој не спомнува распродажба. И, кога сме веќе кај приватизацијата и кај странските дирекни инвестиции, да ве потсетам дека во услови кога во Макеоднија имаме околу 20-тина милиони долари странски инвестиции, во соседна Србија до крајот на годината се очекуваат 1 милијарда долари странски дирекни инвестиции. Србија е 4 пати поголема од нас, што значи ког анекоја компарација би била околу 250 милиони пандан за Македонија, десет пати помалку за Македонија и толку помалку се остваруваат во  Република Македонија . Да не го земаме примерот со Хрватска, каде што веќе почнавме да не се споредуваме или со Бугарија. Од ревизијата на приватизацијата видовме само неколку крупни затворања на големи претпријатија. Беше спомнато во говорот  инвестицијата на Европската банка за обнова ир азвој, но да ве потсетам дека таа процедура почна во 2002 година. Тогаш беше договорено тоа, тогаш беше потпишан Договорот, тогаш помина Одлука на Влада и тогаш во Парламентот дојде Законот, со кој што требаше да се овозможи влез на Европската банка за обнова и развој во Електростопанство на

Македонија, исто како што тогаш беше започната обиколката околу Скопје, социјалните станови и т.н.

беше спомнато дека Република Македонија една година била излоирана, меѓународно изолирана. Незнам од каде е тој податок, меѓутоа, би потсетил дека, ако се мисли на аранжманите со Светската банка и ММФ, прво, дека ММФ, Вие премиере тоа го спомнавте на Вашите настапи во медиумите, така што таму не Ви одговорија, а ова е добра прилика да го расчистиме тоа прашање. Во 2000 година Република Македонија во ноември склучи аранжман со ММФ, односно во ноември почна, го склучи малку пред тоа, кој што опстојуваше се некаде до април 2002 година кога земјата влезе во длабока војна и кога веќе немаше никаква смисла да се тера аранжман, дури тоа ни го кажа и Меѓународната заедниц аи самиот ММФ, оставете го аранжманот, бранете ја земјата. Тогаш беше прекинат аранжманот и на наше мислење и на мислењето од страна на ММФ, затоа што земјата имаше друг приоритет. До крајот на годината се занимававме со Охридски договори , со војна, со смирување на состојбите и т.н. Кон крајот на таа година во ноември и декември 2002 година Владата склучи Програма со ММФ за стабилизација, коај што беше шестмесечна и која што сите квантитативни таргети беа успешно исполнети. Тоа можете да го проверите, освен една и повторно тоа е ТАТ. Законот кој што го донесовме за обештетување на штедачите на ТАТ беше пречка започнатите преговори во мај 2002 со ММФ, да не завршат веднаш, туку да се пролонгираат за периодот по изборит еоктомври 2002 година. До 6 месец ние ја имавме таа програма и квантитативно таа Програма е успено завршена, освен ова што Ви го спомнав, так ашто Македонија беше без аранжман во јули, август и септември. Не може да стане збор за едногодишна изолација или нешто слично. Да ве потсетам дека и со Светската банка аранжманот не беше прекинат, течеше до последен момент и сега тој продолжува, како што продолжува во оваа година. Да не манипулираме со периоди, со една година, меѓународни изолации и т.н. Впрочем, ао сме биле под меѓународна изолација во март 2002 година немаше на Донаторската конференција да добиеме повеќе пари, отколку што баравме и немаше половината од тие пари да ги добиеме до мај или јуни , до кога што и ги добивме. Втората половина дојде од октомври наваму, кога се случи новиот аранжман со ММФ.

Новата Влада во предизборниот период, шетајки низ Македонија во Битола застана и кажа дека на штедачите од ТАТ тоа што им го дала претходната Влада е малк и дека ќе им овозможи сертификатите да се претворат во обврзници, тоа значи нивната цена значително да порасне. Ние кажувавме дека тоа е невозможно, дека

ММФ ќе ги стопира аранжманите, дека еве имавме во мај претходно последици заради тоа , меѓутоа, некои луѓе си даваа крупни ветувања и си добија гласови. Луѓето гласаа заради тоа. Многу луѓе што си имаа сертификати си го дадоа својот глас за СДСМ. Реалност, после една година сертификатите се сеуште сертификати, цената во најголем дел од овој период беше падната под цената што беше пред изборите, а тие сеуште чекаат да ги видат и обврзниците и повисоката цена за нивните сертификати.

Спомнав многу ветувања од економската сфера и ги има уште многу и пред да продолжам на другите сектори, би кажал дека само заради овие ветувања во една нормална држава на Западот, Владата од морални причини треба да си поднесе оставка.

Да одиме во другите сфери. Образование. Што имаме во оваа година во образованието. Главна вест во медиумите ни стана дека стигнале дневниците за средните училишта со три месеци задоцнување. Тоа е една крупна новина во образованието. Втора крупна новина беше околу некои корупциски афери дератизација, кои што не добија третман како сите корупциски афери што се отвораат против функционери на опозицијата.

Трета, можеби за некого најголем реформски зафат е признавањето на Тетовскиот универзитет во Мала Речица, кој што некои го нарекуваат и воен, затоа што сосила се влезе во зградата на Тетово Табак, со пушки се освои таа зграда. Признавање на универзитет за кој што во минатото, нели истиот премиер испрати специјални единици во Гостивар или незнам во Тетово и имаше тепачки, повредени, ранети и т.н., денеска како од чист мир така овој универзитет е веќе на прагот на неговото признавање. Тоа не е тајна дека Валдата подготвува признавање на еден диво создаден универзитет, за кој што министер во Владата ваша во минатотокажуваше дека е приватна забава на тогашниот ректор. Денес истите зборови ги слушаме за кардиохирушкиот центар, ако не се лажам дека бил приватна журка, ќе видиме после неколку години дали е приватна журка вистински или е приватна забава, како што беше приватната забава за правење на Тетовски универзитет. Да не бидам сватен погрешнојас не се залагам за тоа да нема образование на албанците во Македонија, напротив, претходната Влада направи се да добијат можност за високо образование. Се направи универзитетот на Југоисточна Европа, Штуловиот универзитет и со тоа се реши проблемот на образованието на албанците, високото образование на албанците. Што е лошо во овој проект? Лошо е што нешто се издејствува на сиво. На сиво се почна , со тепање

се почна, со повредени се почна, за да на крајот се попушти. Тоа е јасен сигнал за иднината, дека секој еден што денеска нешто ќе направи на сиво, прашање на време е кога ќе го добие. Не е проблемто дали некој треба да има еден или два универзитети. Нека има и шест, нека се тие на легален начин направени, нека се на нормален начин, во легални процедури, немаме ништо против едно такво образование.

Исто така, во образованиетовака доста голема бура дигнаа состојбите со средните училишта. Веројатно, тоа не беше ветено во предизборната кампања дека учениците ќе бидат доведени во ситуација  три паралелки да бидат во една училница да се тепаат меѓу себе учениците и професорите, професори со професори, ученици со ученици, меѓутоа, тоа е состојбата што ја имаме оваа година во образованието. Некои посериозни промени не сме забележале, освен ова што го спомнувам.

Посебна приказна е здравството. Главна вест на здравството дојде време да биде дека утре стигнуваат штрафови. Пред две три недели  топ информација во еден телевизиски медиум, граѓани утре стигнуваат штрафови. Значи, кој од утре има скршена нова да биде раат, бидејки државата обезбедила нешто за него. Она што ни се случува во здравството од корупциски набавки на Клиничкиот центар, незнам дијализери и т.н. до ненавремено набавување , преку доцнење на платите по 20 дена, што во минатото не беше случај. На секој први си земаа плата во здравството. Преку одложување на сите реформи воздравството. Една година чекаме за еден фамозен закон за приватизација на примарната дејност да помине, затоа што во јуни минатата година кога беше доставен, не стигна Парламентот да го изгласа. Сега, го чекаме една година, бидејки некој нема храброст да се соочи со реалноста дека овој систем ќе пукне, дека неможе вечно Макеоднија да живее со систем од комунизмот. Мора нешто да промени, констатирано е од прилика што треба да се промени или ако тоа не е добро, нека се најде што е подобро и нека се излезе нека се најде решение за тие луѓе таму и тие што работат таму и тие што ги користат услугите.

Меѓутоа, за жал, во оваа година во здравството имаме министер кој ако го сретнете на улица нема никој да знае дека е министер за здравство, затоа што не се појавил ниту на телевизија со еден проект, ниту со некој позначаен закон, ниту со некоја мерка. Така што, тука состојбата само се влошува, а како што гледаме тоа е и констатација на директорот на Клиничкиот центар, констатација на еден куп луѓе во здравството поставени од новата Влада, кои секојдневно укажуваат дека здравството тоне, здравството е во кома, а ние бележиме успеси.

Во меѓувреме, кога сме веќе кај здравството, знаеме дека во Тетово започнува изградба на диви клиники, тоа го спомнав, а од Кардиохируршкиот центар во Скопје, значи во Државната клиника сеуште ни траг ни глас. Првата недела кога дојде новата власт со сите авторитети во здравствениот сектор добивме ветување дека за шест месеци ќе профункционира државен кардиохирушки центар, но од тогаш до сега апсолутно ништо не е направено, појдете во зградата каде треба да се донесе опремата, ќе видите дека стои се како што било пред една година.

Она што исто така е симптоматично во оваа година и за што веројатно во иднина ќе се отворат дискусии е околу приходите во царината. Во изминатиот период во царината имаше многу проблеми, јас лично имав многу забелешки, меѓутоа, една симптоматична работа што се случува оваа година што увозот во Република Македонија е зголемен за 21%, а приходите се на ниво на претходната година. За оваа работа прашање поставуваат и луѓето од Меѓународниот монетарен фонд, тоа директно го знам од нив и тие не можат да сфатат зошто имаме зголемен увоз, а нема дополнителни давачки. Ако некој мисли дека малку паднаа царините дека е тоа одговорот, веднаш да додадам дека е тоа сосема мал дел во оваа стапка, поголемиот дел каде отишол треба да видиме во иднина.

Конечно, на овој отчет на власта по една година јавно треба да се праша Владата на Република Македонија за некои отстапки од Рамковниот договор. Ние како партија го поддржуваме Рамковниот договор, се залагаме за негово побрзо спроведување, не треба да ставаме аргументи со почнувањето на косовското решавање некој да го земе како аргумент нереализираниот Рамковен договор како аргумент за да започне нов конфликт во Македонија и од тој и од многу други аспекти цениме дека треба да се спроведе. Меѓутоа, сведоци сме дека Владата прави многу отстапки или се подготвува да ги направи, тоа јавно го кажува, околу работи што немаат врска со Рамковниот договор. Таков е тетовскиот универзитет, таков е Законот за територијална распределба со кој првата верзија речиси целата Западна Македонија ќе добие еднонационални управители, таков е Законот за државјанство и редица други нешта за кои остануваме збунети кога не можеме да го добиеме соодветниот одговор.

Почитуван господине премиер, почитувани пратеници,

Во минатите месеци ВМРО-ДПМНЕ трпеше крупни критики за непотизам за време на своето владеење, за криминал и корупција и не велам дека во некои ситуации немало грешки, немало пропусти од таков карактер и дека тие не требало да се контролираат. Меѓутоа, ако нешто може да се каже како непотизам,

тоа е еден очигледен пример што се случи оваа година. Само во последните 15 дена секој ден ВМРО-ДПМНЕ објавува по два случаеви на класичен непотизам на територијата на целата држава, а од Владата немаме никаква реакција на тоа. Некој помисли, откако виде некои ваши чекори во еден или два случаеви дека Владата искрено ќе се заземе за поништување на сите состојби каде имаме класичен непотизам, меѓутоа, тоа до сега не го гледаме. Не можам да разберам како е можно во Министерството за внатрешни работи некој да има земено 24 плати на времето кога имаше доброволно заминување од Владата и да биде вратен уште во првите месеци по доаѓањето на СДСМ,  да биде вратен на работа и згора на тоа, тоа да е сопруга на висок функционер во Министерството за внатрешни рботи. Дали тоа не е непотизам?

Остануваат многу отворени работи, остануваат многу неразјаснети работи во оваа година во безбедносната ситуација. Имаме моменти каде гледаме дека добри осум месеци Владата не убедуваше дека безбедносната ситуација драстично се подобрува, дека конфликтите се зад нас, дека веќе нема за што да се грижиме, зборувам за изјави на министри, високи функционери, за да одеднаш, тоа не е за нас одеднаш, но можеби за некого кој само ги слушал препораките на министрите одеднаш ни се случува силен терористички упад во Скопје со три бомби пред три државни институции, со киднапирање на полицајци и со давање ултиматум од страна на таканаречената терористичка организација АНА. Претходно имавме 30-тина терористички напади во земјата и властите на тоа останаа глуви. Тоа е во смисла на претпазливост и на енергична акција за справување со тие што го направија тоа.

Сакам да ви укажам дека доколку вака продолжи со несанкционирање на оние кои ги заложуваа животите со терористички акции на граѓаните дека тие наскоро ќе земат замав и тогаш ќе биде многу потешко било која Влада да се справи со нив. Оттука, уште еден повик за брза елиминација на сите терористички групации во земјата, според некои извештаи што ги имаме добиено има три до четири терористички групации кои од време на време оперираат на одредени територии кои во моментот немаат голема поддршка, но никогаш не се знае кога таа поддршка можат да ја добијат од овој или од оној. Оттука, што побрзо нивно елиминирање, што побрза, кратка, брза и ефикасна акција за елиминирање на тие поединци може да биде решение за поуспешна година што следува пред нас од оваа што е сега. Инаку, тие ќе се охрабрат, тие имаат свои влијателни блиски кои се сега на клучни функции во државата, се борат да добијат поддршка од надвор, веројатно од нивната

емиграција и ние ќе бидеме изложени пред тешки моменти, доколку се продолжи со еден индолентен однос кон овие групации.

Година во која имавме класична селективна примена на законот, беа покренувани исклучиво процеси за криминал и корупција на поранешни функционери, речиси во ниту еден случај, можеби мал исклучок, но не многу важен, не беше отворена ниту една криминална и корупциска афера на припадник од СДСМ, велам па можеби има некоја мала и се беше насочено кон луѓето што се ваш политички неистомисленик. Со една ваква политика Македонија нема да отиде далеку, затоа што она што ќе се следи, иако јас лично тоа не го посакувам, е продолжение на таквото кога ќе се смени власта. Меѓутоа, тоа не е добро за Република Македонија. Јас лично во било каква ситуација ќе направам се да не дојде до тоа, но фрустрациите што ќе останат од она што денеска се случува пресметка под превезот на борба против корупција и криминал, пресметка со функционери од поранешната власт со ваши политички неистомисленици, политички противници колку да го нарекувате дека не е така, целата држава, целиот народ знае дека токму за тоа се работи, нема да ја доведе државата во поволна состојба, ниту вас самите.

Ова е година кога прв пат во историјата на Македонија имаме јавно соопштение од страна на судот дека му се врши притисок од властите. Ако не се лажам, тоа беше крај на август кога судот одржа една голема конференција на која присуствуваа многу судии, на која се излезе со соопштение дека властите им вршат сериозен притисок. Дали вие мислите во каква држава можете до година да очекувате 200-300 милиони странски инвестиции, јас ве уверувам дека не. Ако вака се продолжи, нема да дојдат странски инвестиции. Ако властите имаат влијание до судството, им се врши притисок, ако тие знаат дека во Судскиот совет дојде екипа која во поголем дел или барем претседателот има блиски врски во минатото со СДСМ и се очекува да ја спроведува идната политика, немојте да очекувате толку странски инвестиции до година, едноставно во тој правец нешто мора да се промени. Година во која нема извештај на Хелсиншкиот комитет, а да не зборува за нарушување на човековите права во Република Македонија. Внимавајте, збор, реченица која можеби прв се случува, влевање страв кај населението. Погледајте ги извештаите на Хелсиншкиот комитет на нивната веб страница ќе забележите реченица дека властите се обидуваат да влеат страв меѓу населението. Извинете, немојте да се навредите, меѓутоа, тоа се методи што се применуваа пред 50-тина години, можеби и подоцна до распраѓањето на комунизмот, меѓутоа, Европската

унија не познава такви методи и таков начин на владеење, а Хелсиншкиот комитет е високо рангиран и почитуван од Европската унија.

Да не зборувам за многуте злоупотреби на институцијата притвор, за непочитувањето на принципот на презунција на невиност, притисоците на судовите, упадите на министерот за внатрешни работи во Судскиот совет, некои монтирани случаи за кои читаме деновиве по весниците и тн. и тн. Реваншизмот кој е очигледно присутен се забележа дури и кај уривањето на фивоградбите. Се почна од човекот кој на времето не соработуваше со денешните власти за да се урне претходната влада. Од толку дивоградби во Тетово, Гостивар, Куманово, па и во Скопје се почна токму од човекот кој е оквалификуван и докажан политички неистомисленик и противник на сегашната владеачка гарнитура и сакате некој да ви верува дека сте почнале реална законска транспарента и незнам каква постапка за уривање на дивоградбите. Урнете ги дивоградбите, но урнете ги сите. Не почнувајте со политичките противници, затоа што тоа е многу лош знак за државата, тоа е многу лош знак за имиџот на државата. Немојте да се чудите после кога ќе отидете во Европската унија и ќе ви кажат дека не е време за апликација. Не е време заради сите овие работи што сега се набројуваат.

Од прилика, тука би ја завршил мојата експликација на она што денес беше чуено. Живеевме во година во која што имаше сериозни притисоци врз медиумите и новинарите, година во која што речиси немаме никаков напредок во однос на влезот во Европската унија, последните што ги примивме на сите ни се јасни што значат од Брисел. Година во која всушност е изгубена година нешто да се направи за укинување на шенген визите, да ве потсетам, тоа се започна. Се склучија неколку договори за реад мисија, се започна, се отвори тендерот за набавка на нови пасоши компатибилни со Европската унија и т.н. и т.н. Оваа година, колку што можеме да забележиме напредок на тоа поле нема. Граѓаните и понатаму ќе си чекаат во редови за да добијат виза за да заминат некаде, ќе им пропаѓаат студиски патувања, ќе им пропаѓа образованието во странство, бизниси и т.н.

Она што најмногу ме загрижува, во повеќето од овие коментари е дека овие работи што се случуваат оваа година се провлекуваат и во периодот од 1992 до 1998 година. Оттука е констатацијата на ВМРО-ДПМНЕ дека Владата на Република Македонија не треба да прави реконструкција, туку треба да си поднесе оставка.

Почитувани пратеници,

Република Македонија е во кома, а пациент во кома има две решенија, или вештачко одржување во живот, или шок терапија. Во овој случај шок терапија би значело оставка на Владата.

Ви благодарам.

(Дискусијата беше проследена со бурен аплауз)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се пријави господинот Јани Макрадули. Повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, претставници на Владата,

Ќе се обидам летимично, а не летаргично да се осврнам на некои тези, задржувајќи го правото за дискусија со оглед на редоследот како што ни доаѓа. Тоа е три минути, затоа ќе се обидам за сите тези што беа искажани во овие час и нешто, да се осврнам само на најбитните.

Можеби незнам кој учествувал во помагањето на пишувањето на говорот на премиерот, но знам дека овде пола говор го напишал Љубчо Георгиевски и тука ништо не ме чуди, бидејќи ги чувме истите тези.

Повторно, новинарите и медиумите биле под страшна репресија и притисок во оваа година, повторно некој друг од надвор ни е крив, реторика што ја слушавме до 2002 година - 15 септември.

Потоа, добив впечаток дека сме на отчет на заминување на претседателот на Комисијата за финансирање и буџет од Собранието на Република Македонија господинот Никола Груевски, досегашниот, што мислам дека е штета како стручњак кој барата со многу цифри, да се откаже од таа функција, бидејќи очигледно времето му треба за некоја друга држава, а не за оваа нашата. Сметам дека конструктивниот приод во целата работа е да се остане во таа комисија претседател и да се учествува во работата и помагањето на ова Собрание.

Читате некои бројки, морам јас да ги прочитам некако. Ме радува што се враќате на бројките од Заводот за вработување, бидејќи вие тогаш ги споревте во 2002 година и значи тие се факти, она што ние го признаваме дека вработувањето е намалено, односно зголемен е бројот на невработени лица, но почетните бројки се тие, конечно ги најдовме заеднички што беа спорени лани во 2002 година.

Велите дека девизните резерви сте ги зголемиле за три пати, но 324.735 не е три, или пак надворешниот долг сме го зголемиле за 200 милиони

долари. Од 1998 година изнесувал илјада четрстопедест и два милиона, но во 2002 година 1.613.000.000 или 154 милиони. Ако 200 милиони зголемен надворешен долг е катастрофа, 154 милиони кој епитет ќе го дадете.

Наведовте неколку стратешки добри инвестиции. “Газела”, зарем мислите господине Груевски дека е добра инвестиција? Зарем директорот на “Газела” сакаа да го тепаат работниците или Владата? Ајде да ги прашаме.

Понатаму, зборувавте за “Нова Македонија”. Зарем мислите дека тоа беше добра инвестиција? Да ги прашаме вработените дали беше добра инвестиција, или “Окта” - инвестиција или договор која Македонија како држава за пет години ја оштетува за 184 милиони дилари, или за 20 години колку го има ексклузивното право од 615 милиони долари. Или, мора да го браните писмото што го испративте до Лондонскиот суд во спорот со “Окта” и со Мамидакис, како еден од министрите потпишан во тогашната Влада на господинот Георгиевски.

Договорот со Меѓународниот монетарен фонд, преговаравте во мај и јуни само тој не ви одговараше да го направите . Инаку, како ќе ги потрошевте сите тие огромни пари за време на изборите, да градите и да поставувате темели на сали што знаевте дека никогаш нема да ги направите, на објекти кои никогаш нема да ги направите и оставивте неколку општини заложници на таа политика. Затоа сега градоначалници на некои градови ќе бидат други луѓе и т.н.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор ќе даде господинот Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Ќе одговорам на неколку работи што ги спомна господинот Макрадули.

Прво, во врска со медиумите и новинарите. Господине Макрадули, дали мислите дека ние не гледаме што се случува со медиумите? Не гледаме дека неколку медиуми не смеат ништо лошо да кажат на Владата, затоа што чекаат концесија да добијат во овие месеци? Дека еден од националните медиуми главните уредници и сопствнеикот имаат добиено кривични пријави и не знаат што да прават? Дека друг чека одредени бизниси? Јасна е работата дека во електронските медиуми Владата има голем притисок, ги држи под голем притисок и разликата помеѓу пишаните и електронските медиуми во оваа година е очигледна. Погледнете го денешниот наслов за јавувањето на Хелсиншкиот комитет, мислам дека вчера на

ниту една телевизија не беше спомнато, а денеска на сите насловни страници на весниците го пишува тоа. Тоа значи дека сепак од властите се врши еден голем притисок врз електронскит медиуми. Тоа е очигледно.

Спомнавте нешто дека сум работел за друга држава или нешто слично, ако мислите на мојот приватен ангажман што го имав пред да станам претседател на Партијата во соседна Србија кој беше чисто експертски по покана на тамошниот министер за финансии ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Груевски, помина повеќе од една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Би сакал да ви спомнам дека тој ангажман го завршив во септември и дека не го прифатив неговото продолжување.

Во врска со Заводот за вработување ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Груевски, една минута е реплика на репликата.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Меѓутоа, имаше многу обвинувања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Можете повторно да се јавите. За реплика се јави г-динот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Госпоѓо потпретседател, дами и господа, моето обраќање е и реплика и објаснување со оглед на тоа што господинот Груевски се служеше со одредени бројки, сакам да укажам само на еден детал во оваа прилика, а тоа е по однос на штедилницата ТАТ и издавањето на сертификати за обештетување на штедачите.

Прво, кога сме кај ТАТ мора да го кажеме следното. Ден денес, се смениja неколку влади, неколку министри надлежни за таа област, никој не откри кој е виновен за штедилницата ТАТ. Главната обврска која што ја презеде ВМРО ДПМНЕ во 1998 година беше дека ќе открие кој е виновен за штедилницата ТАТ. И ден денес им ставам забелешка и секогаш ќе ги обвинувам дека, или не сакаа, или не знаеја да откријат кој е виновен за штедилницата ТАТ. Ниедна влада во РМ од 1997 до денес тоа не го откри. И од таа одговорност не може да избегате. Ако беше крив СДСМ тогаш кој што беше на власт, требаше да се открие и да се каже кој е виновен и за

тоа да одговара. Тоа ќе ни остане тежина на сите институции во РМ. Тоа е првото прашање.

Второто прашање конкретно кое што се однесува околу сумата на пари кои што беа издадени за ТАТ. Г-динот Груевски, спомна дека дефицитот во Буџетот од 2002 година кој што изнесуваше 3% од вкупниот буџет 1,6% биле наменети за обештетување на штедачите од ТАТ. Ако добро пропрачунате, ако земеме дека околу 70 милијарди денари беше тогаш буџетот, тоа изнесува 1,6%, околу милијарда и 120 милиони денари. Само ќе ви напоменам, точната бројка, плус минус, 001%, или друго, седум илјади штедачи беа обештетени со по илјада евра. Тоа е 7 милиони евра. 7 милиони евра се 420 милиони денари, што значи тоа не е 1,6% како што сакаше да се прикаже од дефицитот во 2002 година, туку е многу, многу помалку. Тоа е првото прашање. И се прашуваме сега каде е разликата некаде од 700 милиони денари која што тогаш се јавува како разлика врз основа на овие бројки кои што беа изнесени.

Втората работа, околу сертификатите јас морам да ви кажам колку што беше Битола оштетена, колку што беа штедачите на ТАТ обештетени кога им беа земени парите, толку беа обештетени, односно оштетени и со сертификатите. Вие знаете г-дине Груевски пред заминувањето на оваа Влада вредноста на сертификатите на берзата беше 18%. Или ако зборуваме за 52 милиони евра издадени сертификати за обештетување на штедачите, реалната вредност за обештетување беше накаде околу 9 милиони евра. И каде е најголемата шпекулација со издавањето на сертификати господа? Најголемата шпекулација е тоа што со тие сертификати требаше да се купува државен имот, во тој период се купуваше државен имот, но голем дел од сертификатите се наоѓаат во одредени институции, во одредени банки блиски до одредени личности. Тоа во најскоро време ќе се докаже и на тој начин за ефтини пари се купуваше државниот имот. А инаку само да ви напоменам, од Министерство за финансии од претходната Влада е овој материјал кој што ми го дадоа штедачите на ТАТ. Во него беа наведени кои се фирмите од кои што ќе можат да купуваат акции. Прво, Македонски Телекомуникации како златна кокошка, Топлификација која што има висока цена на своите акции, ниедна од тие акции не беше пуштена на берза се до скоро време кога се пушти Топлификација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Г-ѓо потпретседател би сакал уште еднаш да ви забележам да ја почитувате минутажата според деловникот. А вие г-да од власта би сакал да истакнам дека разговараме за вашата едногодишна работа. Дојде време да разговараме за тоа после една година. Затоа прифатете ги критиките и концентрирајте се на вашата едногодишна работа што сте направиле, а што не.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално г-динот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Со оглед на тоа што е процедурално г-динот Замир Дика сакаше да ме замолчи. Нема право на тоа. Госпоѓо потпретседател, на вакви дискусии мислам да не им се отстапува простор со оглед на тоа што секој пратеник има право да го искаже своето мислење. Точно 3 минути и 30 секунди дискутирав, со оглед на тоа што вие дофрлувавте од место, тие се разликата од 30 секунди. И на крајот, јас го искористив деловникот кој што ми дава право да изнесам контра аргументи на неточно изнесени искази.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Груевски, одговор на репликата.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Мислам дека е добро да ја продолжиме дискусијата со аргументи. Беше кажано дека дефицитот буџетски од ТАТ не изнесува 1,6%, затоа што беше кажана сумата во пари што била вратена на луѓето. ММФ кога врши пресметки не го смета само ќешот што бил платен, туку и вредноста на сертификатите. Вкупно тоа беше, ако не се лажам околу 70 милиони евра. Проверете, проверете со ММФ, еве денеска се уште тука, ако не се заминати, дали се рачуна само кешот што е платен што е нормално за секој човек што не е навлезен во таа материја, дека е така, или пак е вкалкулиран и износот на сертификатите. Токму тоа е врачунато. Тоа слободно можете да го проверите, и ќе ви објаснат.

Второ, што се однесува до ТАТ, јас се можам да очекувам, ама не можамм да очекувам дека вината за ТАТ ќе падне токму на нас, затоа што ќе ве потсетам на една реченица на г-динот Црвенковски, кој што го бараше октоподот во СДСМ и дека како што рече тој, ниту свети СДСМ нема да го спречи да го пронајде октоподот. Ние не го пронајдовме во овој период, им помогнавме на луѓето што ги изгубија парите, што беа излажани, затоа што претходно беше кажано дека таа штедилница има најспособен менаџер во државата и тие ги вложија своите парти. Ние им помогнавме колку, толку да се изкомпензира сето тоа, не целосно, но

делумно. Меѓутоа, вие не го најдовте октоподот во тој период, а не го најдовте ниту во оваа една година. Што чекавте една година да не го најдете октоподот?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Славица Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Почитувани, во оваа моја реплика ќе се обидам да разјаснам само една дилема, односно да им објаснам на членовите на опозицијата зошто ги изгубија изборите.

Можам да кажам дека  ако и после една година не сте свесни зошто ги изгубивте изборите само дека ве жалам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги ве молам, ве молам, да бидеме парламентарни секој слободно да го изрази својот став.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Можете да си станете, тоа е ваш стил на работење. Оној што е спремен почитувани мои колеги да каже што ќе му падне  на памет треба да биде спремен да слушне она што несака да го слушне. Очигледно вие за тоа не  сте спремни.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Станковска, се извинувам, кому му се обраќате, на г-дин Груевски.?

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

На г-динот Груевски му се обраќам.

Почитуван г-дине Груевски, вие овде во вашето воведно излагање искажавте дилема и не ви беше јасно зошто ги изгубивте изборите, барем јас така го разбрав. Еве да ви кажам не заради добрата програма на СДСМ која толку многу Ве мотивира и инспирира, зарадии тоа што цело време за неа говоревте, туку заради лошите резултати и начинот на кој вие ја практициравте власта.

Како тоа изгледа од аголот или од аспект на вашиот коалиционен партнер од изјавата ќе цитирам во духот на она што вие цело време работевте и цитиравте, г-динот Тупурковски на 28.10 на кумановската телевизија еве што изјави. Цитирам. “Се што се случи со владеењето на ВМРО-ДПМНЕ отворање на фаза (реакција од страна на пратениците од опозицијата) на нестабилност во Република Македонија, а тоа преку економска, социјална и политичка криза (опомена од страна на пртседавачот на седницата) која очигледно на тиогашното раководство на ВМРО-

ДПМНЕ не му одговараше. Затоа дојде до војна, процесот на приватизација што криминално беше спроведен во голем број на компании без да се респектира законот со пљачка, националното богатство имаше и наиде на интерес во врвот на ВМРО ДПМНЕ.”. Навраќајќи се на прашањето зошто пропадна тајванскиот проект г-динот Тупурковски вели. Цитирам. “Тоа е опструкција на нашиот коалиционен партнер (пак опомена од претседавачот) кој очигледно имаше интереси од клучна природа кои не можеа да бидат промакедонски интереси (следи повторна опомена) да ја внесе земјата во дополнителна фаза...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-ѓо Станковска, да не цитираме личности кои не се присутни, сепак да се држиме во некои рамки.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Сакам подеднакво да се однесувате кон сите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Подеднакво се однесувам.

Процедурално г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, потпретседателке.

Би ве замолил деловнички да водите и да ја насочувате седницата за што очиглендо е ако продолжиме вака нема да има услови за работа.

Имено, при репликите говорниците кои се јавуваат за реплики, многу јасно пишува, дека треба да се јавуваат на содржината на говорот на оној што го напишал. Доколку сакаат надвор од тоа имаат можност за говор после тоа. Инаку, може секој својот говор во три минути дел од говорот сега да го каже, па да говори. Затоа би ве замолил уште еднаш доколку се работи за реплика да биде стриктно на говорот кој што е јавен и за опозицијата и за позицијата.

Второ, на дневен ред е едногодишната работа на Владата на РМ, не е на дневен ред работата на опозицијата од 1998 до 2002 година. Инаку, ќе се скрене дискусијата во друга точка, нема да бидеме сериозни пред граѓаните на РМ. Не можеме да се вратиме, Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ЛП ги загуби изборите на 15 септември. Вие ги добивте на 15 септември, ветивте и ние правиме една споредба меѓу ветеното и оствареното. И тука е дискусијата. Ако сакате можеме да се вратиме од 1945 година досега. Тоа нема логика. Затоа би ве замолил потпретседателке да се придржуваме на деловникот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Трајановски. Дозволете ми да одговорам на вашата забелешка. Во говорот на вашиот претставник кој што траеше околу 1 час беа спомнати и минати и сегашни времиња и беше правен рекапитулар и на едната и на другата влада. Така што и репликите со кои ви се обраќаат сега нормално дека се однесуваат на делови од говорот, значи, на делови кои што се однесуваат за старата и за новата влада. Така што ниеден од говорниците досега јас не забележав да излезе надвор од редот и од она што е договорено.

Сега би замолила, дали ќе одговарате на репликата г-дине Груевски?

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

На некои работи нема логика да се одговара. Благодарам, нема потреба.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Зуди Џелили, процедурално.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Г-ѓа потпретседател, затоа што седницата излегува од дневниот ред затоа што на дневен ред го имаме предлогот на претседателот на Владата за реконструкцијата на Владата, на една Влада која очигледно ја има влошено политичката состојба во земјата и наместо дебатата да се развива во оваа насока,

и да се зборува за неуспесите, сите претходни дискутанти за реплики зборуваат за минатата власт. Минатата власт даде сметка за својата работа. И сега кога оваа власт треба да даде сметка. . .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во дискусија влегува.

Г-динот Мендух Тачи, процедурално.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Јас госпоѓо немам намера да ве учам како да управувате со седницата. Вие не знаете тоа да го правите, затоа што денес на дневен ред не е ниту Тупурковски, ниту ВМРО ниту ДПА, ниту минатата Влада. Денес на дневен ред е самиот г-дин Црвенковски. И вие дозволувате сегашните властодршци да го поместуваат дневниот ред и ова е процедурално газење. Доколку не знаете да управувате со седницата, тогаш побарајте помош.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Тачи Ви благодарам за добрата намера. Меѓутоа, јас немам намера да побарам помош, мислам дека седницата ја водам според деловникот.Инаку, ме

интересира зошто не ставивте ваква процедурална забелешка по дискусијата на г-динот Груевски кога дискутираше за други работи, а не само за оваа Влада.

За реплика се јави г-дин Коста Прешоски.

Не е тука.

За реплика се јави г-дин Славе Арсоски.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Јас конкретно ќе се осврнам врз изнесените податоци од страна на г-динот Никола Груевски. Нормално во дискусијата за приоритетите од митингот во Гостивар веројатно ќе проговориме утре кога ќе дојдеме на ред. Само се изнесе една ноторна невистина во врска со рефундирањето, односно враќањето на ДДВ на компаниите токму кога се правеше ребалансот на буџетот некаде во месец септември, не беше на таа седница на Комисијата за финансирање и буџет, дека оваа година не е вратен ниту денар на компаниите. Да истакнам дека оваа година се вратени некаде над 800 милиони ДДВ на компаниите и тоа долгови настанати не само во 2003 година, туку во 2001 и 2002 година. И затоа мислам тоа е како податок и во буџетскиот извештај што го усвоивме како ребаланс во месец септември. И мислам дека тоа е една ноторна невистина.

Второ, по основ на прибирањето на царините факт е дека по основ на прибирање на тие средства оваа година е надминат тој процент и не е вистина дека нема делување влегувањето на нашата земја во Светската трговска организација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусии.

За збор се јави Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-ѓо потпретседател  расправаме по точка на дневен ред, точка втора, избор на членови на Влада и по експозето на премиерот. Мислам крајно е несериозно, премиерот не го гледам во салата, тој е предлагач на точката и на членовите кои што се предлагаат и редно е да седи и да биде присутен во салата. Предлагам, да го повикате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во салата е присутен потпретседателот на Владата, така што има претставник на Владата и расправата може да продолжи.

Има збор г-ѓа Ганка Самоилова Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВСКА:

Благодарам г-ѓо потпретседател, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата, јас денеска сакав малку подолго да дискутирам за успесите, односно неуспесите на Владата на СДСМ во изминатата година. Но, морам да кажам дека несериозното експозе на премиерот Црвенковски апсолутно ме демотивира во тоа. Се прашувам дали воопшто вреди на едно такво експозе да се полемизира.

Сепак, моето излагање ќе го започнам со една реченица од експозето на премиерот Црвенковски која ми остави голем впечаток. Цитирам: “Дали сме реални и правични не кон власта, туку кон самите себе кога така лесно ставаме знак на еднаквост помеѓу желбите и можностите. И дали можеби на тој начин самите не го трасираме патот кон колективна депресија, апатија, разочараност, самопотценување и самопонижување.

Би сакала да кажам дека граѓаните не си го трасираат сами патот кон колективната депресија и воопшто не ставија, така лесно знак на еднаквост помеѓу желбите и можностите. Напротив, господинот Црвенковски во неговата предизборна кампања стави така лесно знак на еднаквост помеѓу нивните празни ветувања и нивните можности да ги реализираат тие можности и на тој начин ќе им го трасираат патот на граѓаните кон колективна депресија, апатија, разочараност, самопотценување и самопонижување.

Дозволете ми сега накусо само да потсетам што се беше ветено во предизборната кампања. Кога тие ветувања денес ќе се анализираат, од аспект на оваа временска дистанца, кога еуфоријата веќе е спласната, многу трезвено и рационално, ќе видиме дека тие на граѓаните, на еден многу убаво спакуван начин им го кажуваа она што граѓаните сакаа да го слушнат односно она што им беше потребно на граѓаните да го слушнат, на истите тие граѓани кои претходно поминаа период на вооружени судири и конфликти.

Да видиме што ветуваше сегашниот премиер Црвенковски и целиот СДСМ како и колицијата “За Македонија”?

Ветија дека Македонија ќе биде мирно и безбедно место за живеење.

Дали денес Македонија е мирно и безбедно место за живеење, кога имаме околу 70 вооружени инциденти во кои имаме експлозии на бомби пред државните институции, пред виталните институции, пред гимназии, нагазни мини, киднапирања, убиства. Значи 70 случаи во кои сторителите сеуште не се пронајдени. Значи Македонија не е безбедно место за живеење.

Ветија дека ќе го воспостават уставно правниот поредок на целата територија на државата и дека оние делови од територијата на Република Македонија кои не се под контрола, ќе ги интегрираат.

Дали денес ја имаме целата територија под контрола. Како илустрација ќе го посочам примерот на министерот за внатрешни работи кој во Вејце мораше да бара дозвола од локалното население. Значи да стапне на сопствената педа земја, јавно да се разоружа таму и притоа да го понесе пола дипломатски кор како гаранција дека има добри намери. Значи ниту е воспоставен уставно правниот поредок, ниту пак имаме реинтегрирани делови од Република Македонија.

Понатаму беше ветено дека ќе бидат обновени разрушените домови, ќе се вратат раселените лица и ќе им се гарантира нивната безбедност. Ниту разрушените домови се обновени, ниту пак раселените лица се вратени во сопствените домови туку сеуште се во колективните прифатни центри бидејќи нема кој да им ја гарантира нивната безбедност.

Понатаму беше ветено дека животниот стандард дека ќе биде подобрен. Да видиме како стои животниот стандард во Република Македонија:

Греењето е поскапено за 20,5%; железничкиот сообраќај 12,5%, автобускиот превоз 11,2%, струјата 7,2%, лековите 6,8%, средствата за лична хигиена 3,8% и сето тоа како резултат на зголемената повластена даночна стапка од 5 на 18% што беше дил меѓу премиерот Црвенковски и ММФ, се со цел да биде усвоен Бранковиот закон кој деновиве доживува целосно фијаско и за кој премиерот Црвенковски не најде за сходно и немаше доблест, како блага доза на самокритичност, дури и да го спомне во сопственото експозе. Ако ништо друго барем да му олесни на министерот за труд и социјална политика, кој, се сеќавам многу жестоко го бранеше тој закон, кога се донесувше од оваа собраниска говорница.

Беше ветено дека ќе има вработено по еден член од секое семејство. Денес имаме 2450 семејства, во споредба со минатата година, од кои по еден член го изгуби работното место.

Понатаму беше ветено дека ќе има 30.000 нови вработувања. Споредено со минатата година имаме 10.000 но повеќе невработено.

Понатаму Законот за загубари, да не се повторува, кажа претседателот Груевски што се случи со Законот за загубари.

Понатаму борбата против корупцијата. Беше ветена борба против корупција.

За господинот Црвенковски да не убеди во неговата искреност во борбата против корупцијата и дека нема селективен пристап во таа борба, ќе му поверувавме

ако на денешната листа на реконструирани министри, во најмала рака се најдеше и министерот Положани кој плати 78.000 евра за дератизација, за истребување на лебарки по пат на цесија, без објавување на тендер. Значи услуга која чинеше 500 евра а тој плти 78.000 евра. Значи со 78.000 евра ќе беа исртебени сите лебарки во Македонија. Тој денес не се наоѓа на листата на реконсуирани министри. Дека ќе ги деполитизира и департизира институциитте на системот, особено на судството. Толку е кажано за политизирањето и партизацијата во судството, само како пример ќе го посочам кандидатот за министер за правда господинот Иџет Мемети, кој доаѓа, значи од Уставниот суд, сега го предлагаат за министер за правда. И така натаму и така натаму.

Сакам да завршам со две констатации.

Првата е, дека на 15 септември граѓаните заради празните ветувања беа измамени, беа излажани. А со денешното несериозно експозе на премиерот Црвенковски не само граѓаните, пратениците во ова Собрание целокупната македонска јавност беше потценета и навредена и понижена. Барем требаше да се има еден посериозен пристап во однос на давањето на образложенијата без разлика што очигледно дека нема многу факти кои ќе говорат по тоа дека во насока дека Владата работи успешно. А јас почитувани пратеници, морам да ви кажам дека со денешното експозе на премиерот Црвенковски, без разлика што доаѓам од партија која е најжесток политички опонент на партијата на господинот Црвенковски, благодарение на неговото несериозно експозе денеска се чуствувам засрамена што сум воопшто дел од политичкото милје на Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Јас го молам господинот Замир Дика за извинување, беше грешка на техниката, така што кога се јави за реплика овдека се избриша и затоа не беше во состојба да биде појавен на екранот. Меѓутоа, во секој случај мислам му е задоволство што и даде предност на една дама. Така што господине Дика имате збор.

ЗАМИР ДИКА:

Почитувана потпретседател, почитуван премиер, почитувани членови на Владата, почитувани колеги,

На почетокот ја поздравувам иницијативата на премиерот, да даде сметка за Владата со која раководи во оваа година, пред Парламентот, пред граѓаните. Сигурно граѓаните нема да бидат во состојба да го прочитаат сето ова што е во овој извештај.

За да се анализира едногодишната работа на една Влада, имајќи ги во предвид околностите како дојде оваа Влада на власт, имајќи предвид дека се наоѓаме во една нормална состојба излезени од една криза.

Оваа Влада дојде после војната, после Рамковен договор, документ кој што логично и стави крај на војната без победник и без губитник. Тоа е документ кој даде надеж оваа Влада да добие еден широк легитимитет, можам да кажам на 15 септември минатата година.

Во експозето на премиерот доминира зборот надеж и шанса, и верувајте дека сите ние независно дека дали сме од опозицијата, бевме загрижени за нашите семејства, но и за функционирањето на државата. Од оваа Влада, во најмала рака очекувавме дека макроусловите за нормално функционирање на земјата ќе бидат обезбедени навреме. Надежта, било тоа да е од СДСМ, или од ДУИ, беше смирување на ситуацијата и реализирање на Рамковниот договор. Надежта беше дека најпосле, посебно македонската политичка елита ќе разбере дека без еднаквост и без соодветно управување на оваа држава и на сите граѓани, тешко дека може да зборуваме за постоење на оваа држава. За ова сведочеше конфликтот во 2001 година и самиот Рамковен договор.

Меѓутоа, господине премиер, со жалење можам да констатирам, после Вашето експозе кое го изложивте пред Парламентот, јас очекував дека ќе бидете и покритичен и дека пореално ќе ја процените ситуацијата на теренот.

Јас, претходно, пред медиумите реков дека во текот на вашето експозе и вашиот обид да не убедите дека се е во ред, дека се функционира одлично. Но јас сега се почуствував дека се наоѓам во Парламент на Финска, а не на Република Македонија. Јас мислев дека ќе бидете пореален во вашите проценки за ситуацијата, затоа што мислам доколку не дадеме реални оценки за ситуацијата, тешко ќе најдеме начин како да излеземе од оваа ситуација. Каде е суштината? Суштината е во тоа што, господине премиер, тешко е да се најде еден албанец кој не е министер, директор или заменик директор кој ќе ви каже дека ние сме задоволни со Рамковниот договор, дека Рамковниот договор се реализира. Верувајте, тешко ќе најдете еден таков албанец. Значи, ова е една ситуација која се докажува со мерењето на рејтингот за политичките партии што го прават разни

организации. Тие велат дека рејтингот на партиите на власт паѓа што е нормално. Меѓутоа, дека рејтингот на албанскиот фактор во Владата драстично паѓа, што не е нормално за една политичка партија.

Јас тука ќе направам една дигесија и ќе кажам дека сите овие проценки покажуваат дека рејтингот на ДПА се зголемува, не со истата пропорција и покажува дека се создава една маса на луѓе кои не знаат што да прават. Значи не ми се допаѓа таквото зголемување на рејтингот на ДПА како и драстичното паѓање на рејтингот на ДУИ, токму за тоа што го реков дека тоа е едно размислување против Рамковниот договор. Токму од тоа произлегуваат и нашите дилеми, затоа што секое драстично паѓање на рејтингот значи дека не и се верува на оваа голема шанса што ја имавме пред една година. Не се тие виновни. Тешко е една политичка гарнитура да прогласи цело едно население за виновно.

Зошто ние имаме потешкотии во спроведувањето на Рамковниот договор?

Многу добро во вашето експозе пред една година имате кажано велејќи дека имаме еден народ, електорат кој знае да не разбере и ќе ни даде време. Ова е токму истиот електорат кој ви поверува и кој ви даде одредено време да почуствува дека вие ќе можете да ги убедите дека сте ја сватиле реалноста во РМ, сте го сватиле Рамковниот договор и на тој народ сигурно ќе му го дадете тоа, што стави крај на кризата и на војната. Овој нов негативен став на една голема маса луѓе, покажува дека вие не успеавте да го елиминирате изворот на кризата, не успевте да ги убедите дека го елиминиравте изборот на кризата, а тоа е многу опасно. Доколку вие не сте го отстраниле, односно елиминирале изворот на кризата, секој ден се повеќе се зголемува убедувањето дека не се имплементира спроведувањето на Охридскиот договор.

Со жалење можам да констатирам дека постои опасноста на рециклирањето на кризата во било каква форма. Ова се чувствува.

Јас се согласувам со голем дел од анализата која беше направена од господинот Груевски, што се однесува до економската реалност во Република Македонија. Мислам тој соодветно аргументираше дека Владата не оди во правец на либерализација на економијата што претставува единствен спас од оваа ситуација во која се наоѓаме. Меѓутоа, јас во оваа прилика тоа ќе го анализирам од еден друг аспект.

Јас мислам дека “кондициос сине кваном”односно услов без кој не се може без спроведувањето на Рамковниот договор.

Понекогаш се чуствувам и осамен во овој Парламент кога постојано говорам, Рамковен договор, Рамковен договор, тоа е многу лош знак да се чуствувам осамен во мојот обид да се повикувам на одредени работи кои го тиштат, затоа што јас говорам за бројки и говорам за реализацијата, односно нереализацијата на Рамковниот договор, а најголем дел Владата мислам дека е концентрирана на декларативниот аспект, а не толку на имплементирачкиот капацитет, затоа што сега ќе докажам дека не се имплементира Рамковниот договор и во право се оние кои велат дека нема доволен капацитет за имплементација на Охридскиот договор.

Што треба да се направи со Рамковниот договор? Требаше да се подели одговорноста меѓу сите потписници на тој договор. Тоа беше тоа требаше да се очекува кога ја земавте власта а и ние како опозиција ветивме дека ќе ја преземеме одговорноста околу имплементацијата на Рамковниот договор.

Предусловите беа добри. Наследивте уставни промени и 70% од точките од Анексот-б, веќе беа усвоени.Изборите беа фер и демократски. Опозицијата посебно ДПА веднаш по изборите ги призна изборните резултати, ја прифати одговорноста за Рамковниот договор. Сто дена, доколку се сеќавате опозицијата ве остави доста комотни, свесни дека на вас ви е потребно време да ја изградите инфраструктурата за имплементација на вашата програма.

Што требаше според мене да се направи за да се имплементира нешто, после овие предуслови. Беше потребна само политичка волја, желба и коректност. И граѓаните ве разбраа, било тоа да се албанци или македонци, знаеја дека тоа неможе да се направи преку ноќ. Сите ви дадоа време да ја искористите шансата. Меѓутоа, што ние добивме како предзнак од страна на Владата во имплементацијата на Рамковниот договор:

После стоте дена ја одржавме првата прес конференција и таму со графикони пред електоратот рековме дека во текот на поделбата на првиот и вториот ешалон на власта...

Позициите што ги доби политичката партија на албанците не геа еднакви туку беа помалку од местата што ги имаше ДПА пред самата војна: 4 министри, 5 заменици министри имаше во тоа време ДПА. Истата работа беше и со директорите и со заменициte директори. Имавме заменик директор во Електростопанство. Меѓутоа не бевме сведоци дека истата практика не само што не се надмина, туку воопшто не се задржа истото ниво, затоа што во оваа фаза вие не бевте обврзани со законот кој ви забрануваше вработување, само требаше добра волја, политичка

волја тој процент од 23% да се реализира во пракса. Тоа го покажавме во графикони. Тоа беше првиот индикатор.

Исто така, учеството во јавните претпријатија беше уште покатрастрофално. Кога ги споредивме бројките, учеството во разните фондови, ситуацијата беше катастрофална, во споредба со претходната ситуација. Исто така во периодот од овие сто дена излеговме со имиња и презимиња, со оние албанци кои биле вработени во подрачните единици, со договор на дело и други и кажавме дека во Дебар, во Гостивар, во Кичево толку и толку беа отпуштени од работа. Тоа е работа која вас ви создаваше проблеми, меѓутоа незнам зошто не ја разбравте пораката. Исто така во кадровските именувања, ние забележавме дека албанската партија на власт не ги инкорпорира поранешните припадници на ОНА  што би претставувале предуслов за реализација и намалување на тензиите.

Друга прес конференција, првиот парадокс со Законот за амнестија. Значи, на прес конференција и било каде го кренавме нашиот глас кога се покрена прашањето на Кренар Османи и неговите другари. Рековме дека ова е парадокс не само за Кренар Османи, туку општо покажува непочитување од страна на државните органи на Законот за амнестија и тоа создава една голема флустрација меѓу поранешните припадници на ОНА. Ние самите имавме можност да разговараме со нив. Кога доаѓаше ноќта сите одеа по нивните домови, затоа што циркулираше информација дека во рамките на Министерството за внатрешни работи и во пунктовите, полициските пунктови и граничните пунктови има списоци со нивните имиња и затоа тие се криеја ноќе. Се прашуваа што се случи? Ние војувавме, имаше Договор, имаше амнестија, сега сепак не го уживаме тоа елементарно право на слобода, во најмала рака од државните органи.

Друга прес конференција, парадоксот околу законите. Дојде на дневен ред Законот за патни исправи. Се надевам дека овие пораки ќе ги разберете. Не се работеше тука само за пасошот како документ, туку се работеше за проблемот околу пристапот што оваа Влада го имаше во однос на Амандманот В од Уставот. Проблемот и парадоксот беше во тоа што се работеше за пристапот на Владата во однос на користењето на албанскиот јазик. Вие имавте еден добар став. Претходната Влада го имаше веќе предложено на Парламентот еден закон за пасоши, каде државата се обврзуваше на секој албански граѓанин да му даде двојазичен пасош. Не знам зошто ви требаше компромис? Не знам на кого му одеше во прилог компромисот да се намали, да се редуцира ова право што е веше во парламентарна процедура, тоа право да се редуцира и да премине и употребата на

албанскиот јазик да премине во индивидуална употреба. Албанскиот поединец, значи не албанското население, туку албанскиот поединец да наведе во барањето дека е албанец и потоа ќе му биде дадено тоа право. Значи, не на ова население, не на народот што претставува уставна категорија да му биде дадено по автоматизам. Значи, не беше проблем пасошот, туку беше проблем пристапот во однос на употребата на албанскиот јазик.

Во ова време се случи уште еден парадокс, г. премиер и вие почитувани колеги. Во ова време кога се отвори темата на користење на албанскиот јазик во парламентарните комисии, тоа беше отприлика во истото време и со Законот за пасош. По таа прилика повторно излеговме на прес конференција. Во тоа време се случи еден состанок меѓу трите лидери на партиите на власт. Тие се договорија меѓу себе, дека на парламентарните комисии претседавачите ќе говорат само на македонски јазик. На тој состанок се разговараше за прашања што се поврзани со Рамковниот договор. И, се договорија тројцата лидери.

Не навлегувам во тоа зошто, како и што сте се договориле, тоа е ваше право. Меѓутоа, во тој момент вие ги елиминиравте од натамошниот процес на имплементација на Рамковниот договор другите потписници. Вие, на арогантен начин ги оставивте на страна тие потписници и рековте дека - не ни требате, дека на 15 септември мнозинството народ гласаше за нас и значи ВМРО, ДПА или ПДП не се многу значајни во натамошната имплементација на Рамковниот договор. Тоа беше пораката. Нормално, кога вие како политичка партија, како потписници кои чувствувате одговорност за имплементацијата и кога од секоја гледна точка ве одбиваат околу прашањата за законски проекти, ве одбиваат и ве игнорираат, тогаш не знам како може да ја споделиме одговорноста? Што ве чинеше, во најмала рака, да се консултирате со експерти од ДПА и од ВМРО и од други околу драфтирањето на овие измени? Зошто толкава ароганција? Немавте потреба. Тоа беше само почеток на вашиот мандат. Во тој момент Рамковниот договор го промени името. Тој стана “Договор на Бранко Црвенковски”. Ние веќе не бевме дел од тој Рамковен договор.

Моето мислење е, мојата проценка е дека во тој момент се поткопаа главните столбови на мировнот договор. Се нападна, се поткопа амнестијата. Се докажа дека се имплементира што се сака.

Исто така, другиот столб беше употребата на јазикот. Знаете во текот на преговорите главниот столб беше употребата на албанскиот јазик. Јас, пратеникот Замир Дика денеска немам визит карта од Парламентот на албански

јазик. Зошто? Затоа што претседателот на Парламентот не ми дозволува да го напишам на албански јазик и кабинетот каде што говорам да стои натписот на албански, македонски и на англиски јазик. Ова не било наведено во Рамковниот договор. Доколку вие гледате на Рамковниот договор на тој начин, тогаш навистина ни потврдувате дека не зборуваме за истиот Рамковен договор, туку говориме за некој ваш договор. А, многу добро знаете тука, во 1953 година, во Гостиварската гимназија пишуваше "Социјалистичка Република Македонија" на албански и на македонски јазик. Сведителството беше исто така напишано на двата јазици. Ние мислиме дека со Рамковнот договор треба да ни се врати едно право што сме го имале. Не беше нешто дека бараме плус. Ние, едноставно баравме колку што сме имале. Ова се факти. Не знам што да кажам повеќе.

Продолживме со амандмани, продолживме со прес конференции. Меѓутоа, не се покажа ниту еден знак дека има волја заедно да ја понесеме одговорноста околу имплементацијата.

Како политичка партија ние бевме, ни беше наложено, после цело ова одбивање, уште еднаш да кажам кога се говори за еден документ што стави крај на една војна, војна во која што немаше победник, еден таков документ доколку не се имплементира, тогаш неодложно претставува рециклирање, може да ја рециклира кризата. А ние, во овој многу значаен документ сме елиминирани. И, што ние тогаш да направиме како политичка партија? Ни преостана чекорот на мораториумот. И се надевавме дека ќе се освестат и дека ќе се најде еден нов пристап.

Во меѓувреме це предложи Акциониот план на Владата, меѓутоа на терен навистина, верувајте ми ништо не можеше да се види. Незадоволството од ...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Извинете господине Дика.

Меѓутоа, имам впечаток дека вие навистина одтидовте надвор од темата, затоа што сепак темата е работата на Владата. Вие правите, на некој начин ретроспектива на вашето делување, како политичка партија.

Јас би ве молела, ако може да се држите на темата.

Продолжете.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам.

Ви благодарам, но мислам дека до сега работев што е направено од 15 септември минатата година до денеска. Не спомнав ништо подолго и надвор од тој период. Но, ќе се придржувам на тоа.

Во ова време, во оваа фаза, не велам кога беше ДПА во мораториум, туку во текот на тримесечниот летен период на работата на Владата, значи, не се забележуваше на терен резултат, најмалку резултати што ќе убедат, ќе ги убедат оние што страдаа дека навистина оваа Влада има капацитети да ја имплементира Охридскиот договор и дека ќе бидат рамноправни сите. Ова незадоволство беше зголемено во кризните региони, се разбира таму каде што беа најмногу оштетени. Ниту една инвестиција не е направена меѓувреме во кризните региони. Ниту еден проект за ресоцијализација.

Што вие, што очекувате како Влада од тие луѓе? И натаму да ве разбираат, да одите таму, еве да речеме два милиони евра во с. Слупчани или некоја донација, ќе се обидеме да товориме некои локални канцеларии, има една мала програма на невладини организации итн, итн. Ништо немаше. Ниту еден предзнак. Што очекувавте од тие луѓе?

Во меѓувреме се случи месецот, значи месецот на Закон за култура кој, ние во тоа време не бевме во Парламентот, ни доаѓаат луѓе, еминентни албанци од областа на културата, ни викаат видете нешто, направаете некоја ревизија на овој закон, тој не може да опстане. За жал, морам да речам дека во членот 95 што овозможува употреба на албанскиот јазик на јавните универзитети, мислам дека таа формулација е срамна. Овие албанци, поради барањето за идентитет на културен, економски итн, е географија, биографија итн, во одредени студиски програми имаат право да го употребуваа својот мајчин јазик на јавните универзитети. Ова е членот. Зошто не се вели поради категоризација од 20% што го употребуваат својот мајчин јазик на јавните универзитети. И, ниту еден механизам во измената на законот ќе гарантира дека високото образование на албанците, нема механизам. Од зборот “фон”, се префрлам во “совет”, не постои механизам дека од 25 милиони, 45 милиони евра што се доделени за високото образование дека ќе бидат доделени и поделени како што треба. Значи, треба да постои некој механизам. Значи, нема да се задржам повеќе овде.

Потоа, ситуацијата Раховец, Чаирчанка, Бреза, секојдневни убиства, Сопот итн. Комплицирана е ситуацијата и после сето ова бевме приморани да се вратиме во Парламентот, бидејќи сме загрижени, пред се, за своето семејство, за нашите семејства, за маалото, за градот, за државата. Во името на ова сакаме да

влеземе, да се вратиме во Парламентот, да дадеме свој придонес да се спаси она што може да се спаси од овој многу значаен процес за иднината на Република Македонија. Говорам за сите.

Во меѓувреме ништо. Сатанизација, ДПА го прави ова, опозиција го прави ова, но сепак продолживме. Во Парламентот сме еве и денеска сме тука, го даваме својот придонес. Можеби ќе придонесеме, да ги имате предвид овие работи и да се спаси она што може да се спаси.

Извештојот на Владата, г. премиер, за да завршам, пред се нашата забелешка беше зошто ги менувате неколку министри? Доколку некој ќе го прочита Извештајот на Министерството не може да направи некоја разлика од еден до друг министер. Вие не убедивте, не, да, сите направиле работа, според вас. Зошто? Која беше работата се поставува прашањето? Но, мислам дека ќе остане без одговор.

Имаме еден дел, драго ми е што го одделивте делот во Извештајот што направиле вашите министри во однос на Спогодбата од Охрид. И, доколку, гледам неколку министерства, Министерството за економија каде што вели што направил за Рамковен договор, не можам да разберам. Министерството за финансии, Министерството за правда итн итн. Многу министерства не ги гледам зошто се ставени во Извештајот а кои што немаат никаква врска со Рамковниот договор.

Министерството за финансии во Извештајот има неколку 15 страници. Дали знаете во Извештајот на Министерството за финансии, на 15 страници не се спомнува со ниту еден збор Рамковниот договор. Верувајте ниту еднаш не се спомнува Рамковниот договор. Ниту кажува колку е процентот на кадрите, колку имало, колку се вработени во Министерството за финансии албанци, ниту еден податок. Само “копи пет”, “пест”.

Министерство за одбрана. Иако не е имплементација за вас, туку сакам да кажам нешто. Од страна на Владата се вели дека Министерството за одбрана е најуспешен што се однесува до имплементирањето на Рамковниот договор околу претставувањето на заедниците. Се согласувам барем декларативно дека министерот искажал волја. Јас сум од егзактните науки и сакам да анализирам она што сте го напишале вие.

Овде има една табела и вели колку имало офицери, подофицери, професионални војници и цивилни лица вкупно за време кога ние бевме на власт, колку имало албанци, колку има сега, и колку има албанци сега. Тука ќе вклучам, во бројките што сте ги дале за оваа година, сте напишале дека сме ги вработиле уште 200 лавови, меѓутоа, тие не се вклучени во вкупниот број. Во нашето време имаше

3,28% претставници албанци во делот на АРМ, не во Министерството за одбрана туку во делот на АРМ. Доколку се вклучат уште 200 левови, лавови кои што се вработени, тогаш се зголемува 3,9%. Значи, има зголемување на албанците. Но, 3,28% на 3,9%. Значи, за една година, прогресот во најуспешното Министерство е 0,62%. Значи, за една година сте вработиле за толку, за 0,62%. Доколку сте ги вклучиле 200 лавови, јас ги имам извлечено тука, тогаш процентот е 4,22%, 4,92%. Ќе ви го дадам ова за да се потврди. Доколку грешам, тогаш ви признавам, ќе признам.

Значи, имаме најголемо зголемување од 0,92% и нема податоци колку албанци се вработени во Министерството. Јас мислам дека се 2,7. Зошто не сте го кажале тоа. Можеби не сте отишле напред. Кажете, бидете транспарентни за да разговараме заедно. Доколку грешам, ќе го признам.

Министерството за внатрешни работи,

Господине министре, сеуште во врска со точката 4 од Рамковниот договор го имплементирате, од тогаш до сега ниту еден шеф на полиција не се ставиле, за во процедура да се расправа за оние советници, да речеме дали има добри или немало. Продолжете да не ја имплементирате точка 4 и 3,3 од Анексот на Спогодбата.

Господине министре за внатрешни работи, во 3000 зборови во Главниот извештај само еднаш го спомнавте Охридскиот договор. Значи, во 3000 зборови имате само еднаш спомнато “Охридски договор”. И, не кажувате во овој дел колку сте вклучиле, не давате еден преглед во Министерството за внатрешни работи во овие ресори имало волку албанци, волку има. Толку имало вработени, толку има вработено, волку е процентот. Јас не знам зошто не мидавате ваков податок. Напишете го. Како можам да ви верувам кога ги немам овие податоци.

Министерот за правда.

Жал ми е, бившиот министер за правда, ниту еден податок за кадровскиот аспект, колку имало албанци, коклу имало вкупно вработено, колку има сега. Ниту еден податок, ниту една бројка.

Министерот за надворешни работи.

Во 8000 илјади зборови, 8000 илјади зборови само два пати го спомнувате Охридскиот договор и три пати го спомнувате Охридскиот договор како “ОД”- Охридски договор. Сите изјави на надворешните релевантните фактори велат дека патот на Република Македонија по интегрирањето на Европската унија, во НАТО оди, поминува низ Охридскиот договор. Не дека ги сакаат албанците, туку тие

знаат без тој предуслов постои опасност од рециклирање на кризата, постои опасност за неинвестирање не на внатрешно, јас нема да инвестирам, туку зголемување на невработеноста. Затоа вели надворешниот фактор, не треба јас да го кажам или вие да го кажете тоа, вие во 8000 илјади зборови два пати го спомнувате Охридскиот договор и три пати "ОД". Вели, 13,6% вработени во ресорото на надворешни работи, во делот на Министерството и во конзуларниот дел. Кажете ми, во вашиот мандат колку вие сте вработиле? Јас знам дека овој процент, горе - долу е она што сте го наследиле. Колку вие сте вработиле во меѓувреме? Дали во вашето Министерство, или во конзуларниот дел?

Ми останаа 2-3 министерства, ќе завршам.

Министерството за економија.

Министерот за економија во Извештајот за имплементирање на Охридскиот Рамковен договор вели дека сме донеле Закон за угостителски дејности. Тоа навистина е големо постигнување на Рамковниот договор. Ниту една бројка во однос на тоа што го направил тој, колку албанци вработил, ништо. Или пак зборовите дека сме инсистирале албанските компании или нешто да пишува дека сме се бореле да се создадат услови или еднакви критериуми за сите компании итн.

Нема податок за тоа. Најосновни податоци нема за тоа. Само на сув начин се вели закон за трговски друштва. Затоа велам како да е Владата на Финска, а не на Македонија.

Ќе кажам и за министерот за здравство.

Во извештајот не сте го спомнале ни еднаш Рамковниот договор., ниту пак сте дале колкав е бројот на вработените. Да кажете еве тројца зме вработиле, треба да најдеме начин како да вработиме повеќе. Зошто овој страв, зошто ова повлекување. Навистина не разбирам. Се е тоа нетранспарентност.

На министерот за труд и социјална политика треба да му честитам за храброста кога вели дека голем е бројот на невработените. Тоа е транспарентност. Повеќе го ценам кога ја кажува реалноста, отколку кога се крие. Не јас, туку населението. Меѓутоа, господинот министер за труд и социјална политика не кажува колку што и како се делела социјалната помош и на кого тоа право сега му е одземено, колку се вработиле во вашиот ресор во минатата година, колку албанци се вработиле, да знаеме колкав чекор сте направиле во однос на имплементацијата на Рамковниот договор. Како албанците ќе ги менанџираат исклучиво 10 луѓе внатре.

Министерот за локална самоуправа, ни еднаш не го спомнал Рамковниот договор. Се надевам дека моите браќа муслимани ќе ме почекаат уште пет минути да го завршам своето излагање.

Господине министре за локална самоуправа зошто не сте дале една слика која ќе ја покажете дека Министерството за локална самоуправа буџетот на општините дала толку пари на оваа општина, толку пари на онаа општина. Зошто не го кажувате тоа. Така ќе видиме колку го почитувате Рамковниот договор. Јас знам еден податок. На самиот почеток на оваа Вада суфицит во буџетот, вие го поделивте на одредени општини и од табелата во Службен весник произлегува дека е 1% или 2% се дадени на албанските општини, а 99% на македонските. Јас не би сакал да бидам погрешно разбран во однос на овој аргумент. Сакам да го покренам прашањето на нивото кое што го заслужува, затоа што ниедна етничка група нема да има просперитет, односно нема да се реализира овој договор, затоа што стави крај на Рамковниот договор. Ние можеме да говориме за политичка стабилизација, меѓутоа, доколку не се обезбеди стабилност, лојалност јас нема да се осмелам да инвестирам. Не дај Боже да имаш проблем во катастар.  Две години ќе поминат барајќи ги документите, а ние очекуваме да ни дојдат странски инвеститори. Тоа е друга работа. Немам време сега да навлегувам во неа.

На крајот, за една влада да го имплементира тоа што ќе стави крај на војната, тоа што ќе гарантира еднаквост, сигурност и заедничко управување, на секој заедничка поделба на одговорностите да привлече внатрешни и надворешни инвестиции, да привлече странски инвестиции што ќе обезбеди вработување, да имаме шанса за просперитет. Што претставува колицио сеникванон? Таа влада треба не само да го спомнува во извештајот Рамковниот договор, туку треба да спие со тој договор, да го почитува тој договор, да го имплементира. Доколку има потреба и во домот на секој Албанец и Македонец од кризните региони да оди дури и премиерот да ги убеди дека Рамковниот договор  е неопходен, неговата имплементација е неопходна.

Господине премиере, вие спомнавте дека има надеж. Јас секогаш сум оптимист и верувам дека има надеж. А надежта е кога оваа Влада ќе ја напошти оваа политичка констелација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Бучковски бара збор.

Колеги, само да се договориме ова ќе биде последна дискусија од пријавените дискутанти, ќе продолжиме утре во 10 часот, но пред тоа да завршиме со репликите по оваа дебата.

Повелете господине Бучковски.

Почитувани колеги ако можеа другите да бидат колегијални и да го ислушаат господинот Замир Дика, вие го пречекоривте времето и јас мислам дека редно е да ви се одговори. Доколку вие не сакате да ви се одговори, тогаш заради јавноста ќе одговори.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Јас да се извинам на верниците од муслиманска вероисповест и нема да им одземам многу време, бидејќи јавно вети господинот Дика дека ќе се извини, до утре сабајле ќе провери ова што ќе му го кажам и очекувам утре седницата да почне со извинување. Ќе му помогне господинот Халими кој на последната седница на Парламентот на пратенички прашања призна дека 28 припадници на албанската заедница во Армијата, сега има над 7%. А да го провери тоа во ноември 2001 година имало 41 офицер, денеска има 52. Во ноември 2002 имало 128 подофицери, денеска има 296. Во ноември 2002 година имало 68 професионални војници, сега има 223. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре. Со тоа ја прекинувам седницата, продолжуваме утре во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,10 часот).